СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 ноември 1991 година

Скопје, ноември 1991 година

# IV ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 25$^{та}$ СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 17.XI.1991


| ДИСКУТАНТ: | СТР. | Дискусија за Уставн. |
|---|---|---|
| СТОЈАН АНДОВ | 1 | |
| АВДИ МУРТЕЗАНИ | 3 | |
| РИСТО КЕЛЕШОВ | 4, 51, 95 | |
| ЗУДИ ЕМИНИ | 4 | |
| МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 5, 47 | |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 5, 96 | |
| ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | 6 | |
| ФАИК АБДИ | 8, 33, 56 | |
| ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 9, 106, 121 | |
| ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ | 10, 82, 86, 111 | |
| АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | 10, 98 | |
| МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 12, 40 | |
| ВАНЧО МЛАДЕНОВ | 12, 121 | |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | 13 | |
| ФЕРИД САДИКУ | 14 | |
| ЏУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 14, 28, 50 | |
| НЕИМ СЕЛМАНИ | 15 | |
| НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | 16 | |
| ВЛАДИМИР МИШЕВСКИ | 27, 31 | |
| БРАНКО АРСОВСКИ | 28 | |
| ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 29, 99, 116 | |
| ЕШТРЕФ АЛИУ | 29, 55, 107, 118 | |
| ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | 30, 129 | |
| ЛАЗАР КИТАНОВСКИ | 31, 69, 75, 150 | |
| АМИД АЛИУ | 32 | |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | 32, 37 | |
| ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ | 33, 41, 46, 132, 144, 158 | |
| НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 34, 51, 59, 60, 79, 158, 40$^{A}$ | |
| ТОДОР ПЕТРОВ | 35, 43, 63, 102, 143, 155 | |
| ЈОРДАН БОШКОВ | 36 | |
| БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | 38, 59, 143 | |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | 39 | |
| ТУШЕ ГОШЕВ | 40 | |
| НАУМ СИМЈАНОВСКИ | 41 | |
| АЦО СПИРОВСКИ | 44, 49 | |
| РИСТО ЈОВАНОВ | 46 | |
| ВАНЧО МИНОВ | 47 | |
| ЉУБОМИИР ЈАКИМОВСКИ | 52, 63 | |
| БЛАГОЈ ТОШЕВ | 53 | |
| БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | 54 | |
| ЏЕЛАЛ ТАИРИ | 57 | |
| АЛИЈА ЏАФЕРОВСКИ | 57 | |
| ВЛАДО ПОПОВСКИ | 87, 108, 118 | |
| ТОМИСЛАВ СТФКОВСКИ | 92, 96 | |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | 94 | |
| ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | 100 | |
| НИКОЛОВ | 104 | |
| ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 114, 123 | |
| ШАБАН ПРЕВАЛА | 117, 120 | |
| ДРАГИ АРСОВ | 136 | |
| РАТКА ДИМИТРОВА | 145 | |
| СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | 39$^{A}$ | |


КРАЈ

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 ноември 1991 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Господинот Голубовски ме извести дека е спречен од оправдани причини денес да присуствува на седницата.

Преминуваме на утврдување на член 67.

Отворам претрес по текстот на членот 67.

Амандмани поднесоа ЗПК,Пратеничката група на СДСМ и пратениците Џеладин Мурати, Ѓулистана Јумеровска и Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на членот 67, став 1 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака? (6).

Според тоа констатирам дека амандманот на член 67, став 1 поднесен од ЗПК не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 67 за додавање на нов став во ставот 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

(Го повлекува амандманот).

Дали Ѓулистана Јумеровска го повлекува амандманот? (Го повлекува)

Социјалдемократскиот сојуз исто така го повлекува амандманот.

Тодор Петров не го повлекува амандманот, не е тука.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6).

Според тоа констатирам дека амандманот на член 67 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи некој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 67 го ставам на гласав»е.

Кој е за, молам да крене рака? (76).

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 67 на Предлогот ва уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 68.

Отворам претрес по текстот ва член 68.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија и пратениците Тодор Петров и Наќе Стојановски.

Комисијата за уставни прашања ги прифати амандманите на Владата на Република Македонија и ва пратеникот На^е Стојановски. Тие се составен дел на Предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 68, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Молам, кој е за да крене рака? (2) .

Според тоа констатирам дека амандманот на член 68, став 1 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и текстот на член 68 го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака? (80).

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 68 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 69.

Отворам претрес по текстот на член 69.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ПДП-НДП и Реформски сили Либерална партија и пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа. Нашата пратеничка група поднесе амандман во смисла и бара дополнување на членот 69 со тоа што бара да се дополни со следниот став:

На член 69 се додава став 2 кој ќе гласи:"Кога Собранието одлучува за прашања кои се од витален интерес за националностите кои што живеат во Република Македонија, неопходно е постигнување консензус од сите

претставнички тела? Образложение. Со оглед на тоа што Република Македонија е повеќенационална заедница, а нејзиниот највисок орган Собранието е еднодомно предложениот амандман е единствениот механизам, заштитник од можното донесување одлуки од страна на Собранието,кои можат да одат на штета на граѓаните од немакедонска националност.

Друг заштитен механизам во Уставот не постои, а во случај на неприфаќање на овој амандман пратениците од другите националности кога ќе се одлучува за прашања од нивни интерес секогаш ќе бидат надгласувани. Досегашната практика на работата на Собранието ова го потврдува".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Водиме претрес по амандманот на член 69, став 2 поднесен од пратеничката група ПДП и НДП, при што го ислушавте образложеието на Авди Муртезани.

Дали некој друг бара збор?

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Во врска со амандманот на пратеничката група ПДП-

НДП би поставил едно прашање до предлагачот на амандманот. Доколку со консензус не се решат прашањата од витален интерес дали предлагачот на амандманот нуди некое од другите демократски решенија, односно дали после неприфаќањето на консензусот значи блок на работа аа Собранието и на парламентарниот систем.. Тој дел на амандманот сакам да го појасни предлагачот.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Почитувани пратеници, во врска со поставеното прашање од страна на пратеникот вам не ни е намера да воспоставиме таков механизам да преставува блокада за работата на Собранието.

Меѓутоа, ако се погледа малку подобро се гледа дека амандманот е нагласен во тие прашања кои се од национален карактер. Тие прашања сите ги знаеме, тоа се четири или пет прашања што можат да се уврстат, а од друга страна дали постои некаков механизам во сите држави, мислам во сите устави постои кои се од мешани националности. Тој механизам консензус постои како вид на договор меѓу пратенички групи, не мора да биде како уставна категорија, постојат и такви видови. А наша намера ве да се воспостави блокада на работата на Собранието, туку да се има таква можност да се договориме за тие прашања ако навистина се проценат дека се толку" битни за националностите кои живеат во Македонија.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Овој член е по малку поврзан со Советот за меѓунационални односи. Сметаме дека овој вид консензус треба да се обезбеди и поради избегнуваше или смалување на одредени тензии кои се присутни сега ва нашиве простори. Едноставно да се поштеди јавноста од некои недоразбирања. Да може тоа во позатворени кругови да се разјаснат работите. Токму од тоа тргнуваше и досегашниот устав од 1974 година, член 183, став 3 предвидува можност за формирање на комисија за меѓунационални односи составена од еднаков број, Македонци, Турци и Албанци. Само тоа ни беше намерата, тие недоразбирања и конфликти да се разјаснат во позатворени кругови и институции и после пред јавноста да се излезе со појасни ставови.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас имам разбирање за намерите на предлагачот, меѓутоа, врз база на се она што значи досегашно искуство, сосема ми е јасно дека никакви

консензуси нема да го обезбедат тоа што го заговараме ако нема разбирање за соживот, ако нема разбирање за градење на мостови за судбинската поврзаност за овие територии на кои што живееме. Такви консензуални решенија ние веќе во Југославија имаме видено и видовме на крај дека сепак тие не се спасоносната формула. Јас излегов на говорница да го замолам претставникот, експертската група мислам дека се присутни да не информираат зошто во Уставот не се понудени решенија од типот на ова решение за консензус, за да знаеме што тоа значи и дали во еден таков устав како што е понуден има место и за вакви решенија или ако има некое образложение дека нема место во овој дел за разлика од оние делови кои што следат понатаму да бидеме начисто за што всушност станува збор пред да гласаме за_амандманот. Инаку, за мене, да не се враќам на говорница сосема е јасно дека од овие проблеми може да не извади само формулата која што функционира во целокупниот демократски свет, а тоа е гаранциите ва мнозинството на ниво на Република, на се она што значи по нашиот Устав национално или бројчано малцинство и обратно, во сите локални единици гаранциите ва тоа мнозинство над овие кои што се на тие територии малцинство преку испочитувањето на се она што значи правна и демократска држава.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Ставајќи го прашањето за консензус, мислам дека сеуште не се ослободуваме од колективистичката опција и колективистички начин на мислење и разрешување на спорните прашања. Мислам дека спорните прашања се разрешуваат преку демократски дијалог и бидени сакаме да станеме комплементарна Европа, нормално дека тие прашања ги разрешуваме со примена на европските стандарди низ еден демократски дијалог. Ако ние го

прифатиме консензусот како однос мислам дека постојат сите релевантни основи за блокада и пак она што во основа уште на почетокот долго време се расправавме централно место му даваме на колективитет, на нацијата или на националната припадност. Припадноста на еден колективитет претставува вродено право. За тоа човек никој не е виновен. Меѓутоа, сите спорни прашања и сите противречности кои што произлегуваат како резултат на припадност на колективитет, се разрешуваат, како што и впрочем сега ги разрешивме, со примена на европските стандарди. Така, мислам дека консензусот треба да го напуштиме и да имаме предвид дека граѓанскиот суверенитет претставува поширок "crie'KTal) на слободи и права -на човековата индивидуа, откако слободите и правата што ги обезбедува колективистичката опција или припадноста на еден колективитет. Заради тоа што слободата на човекот е негово природно благо и природно богатство и да дозволиме да ја користи ан еден демократски, граѓански начин како поширока слобода и негово право.

Благодарам.

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

Впрочем ако нашите витални интереси како припадници на народности и етнички групи во поранешните устави на Република Македонија пишуваше и стоеше таму дека се загарантирани, во еден дел од Уставот пишуваше вака: општините во Републиката се грижат за развојот и воспитувањето на јазиците на народностите, како и за развојот на радиото, телевизијата и печатот и културните дејности на јазиците на народностите и етничките групи. Етничките групи не добија ништо, иако имаше голема акција да се отпочне барем со тие медиуми, радио, телевизија. Денеска е сосема поинаку. Ние мораме да му веруваме на овој наш највисок. дои и да веруваме дека овде постојат сили дека се ќе биде онака за тие витални и други интереси како што пишува токму во Уставот.

Впрочем, иако се направи некое чудо, што јас не верувам, за тоа тука е конференцијата за европска безбедност и соработка и мислам дека ние како собрание нема да се посрамотиме. За тоа треба да имаме доверба во нашата заедничка држава и да оди^како што почнало.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека овој амандман нема да се прифати, а е веќе кажан од кој причини. Прво, заложбата за дефиниција на витален интерес на националностите, не е многу опиплива не е конкретна категорија. Доста релативно е што е тоа витален интерес за националноста. И просто мислам нема прашање што не е од витален интерес за националностите кога ќе се расправа во Македонскиот парламент. Тоа е едното.

Второ, колку и да е идејата добронамерна, говорено со правнички јазик ова води кон федерализација на Републиките, бидејќи само во такви држави, со такво уредување се одлучува со консензус. Наспроти тоа, ние имаме во член 78 на паритетна основа составен совет за меѓунационални

односи во кои инаугурираме обврска на собранието да расправа по сите прашања што се од витален интерес за меѓунационалните односи и врз таа основа да предлага мерки итн. за унапредувањето на меѓунационалните односи и да биде еден вид пречка, спречувањето на диктатот на мнозинството, овдека над малцинството во Парламентот, кога станува збор за меѓунационалните односи. Според тоа, мислам дека обидот да се во член 78 сместат сите оние прашања што ќе бидат од интерес за меѓунационалните односи да расправа прво советот за меѓунационалните односи, па после Собранието да има обврска тоа да го почитува,го решава овој проблем за кој се залага пратеничката група на ПДП -ВДП.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Прво, категоријата од витален интерес, практичко ништо не значи, бидејќи секое прашање кое се однесува на прашањето од животот, работата на граѓаните на Републиката, секако може да се подведе под прашање и интерес на одредена националност. Тоа едната замерка на овој предлог.

Втората, што во суштина не кореспондира со граѓанскиот концепт на овој Устав и со позицијата која произлегува од граѓанинот односно она што го утврдивме во член 2 од овој Устав дека целата власт произлегува од граѓанинот и нему му припаѓа.

Трета работа што практичко со воведувањето на овој принцип, ништо не се решава ниту во полза на националностите, од проста причина што ние прво го немаме заокружено законодавството така да дури ова ја отежнува можноста за дијалог по одредени прашања кој на одреден начин никому повеќе и помалку ќе му изгледаат дека се прашања од меѓунационален карактер, бидејќи ќе изостане принципот на правичност во смисла на водење постапка демократска, аргументирана и врз основа на тоа секој од пратениците да се и изјаснува. Понатаму овој принцип на консензус е неприменлив, затоа што ние увидовме дека прво што е принцип

кој што се однесува на конфедерални држави е едно, а второ е неприменлив во услови кога не можат сите националности да имаат свои претставници. Изборниот систем е таков што практично не можат да имаат свои претставници. Примерот на овој парламент покажува како што велат во пописот 20-тина националности, овдека имаме 2 до 3 националности и тоа во несразмерен број. Така да незнам на што би се потпирало овој принцип кога практично не е во функција на парламентарната демократија. Затоа треба да обрнеме внимание за значењето на овој принцип и можеби за овој совет за меѓунационални односи каде што всушност со тој паритетен однос кој е постигнат во тој состав може во начинот на одлучувањето да се види таа можност на меѓусебно усогласување, бидејќи тој совет има за цел да создава една педолога на овој Парламент кога ќе се оцени дека некое прашање или некој закон или некој акт, има карактер од значење и за националностите во Македонија.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сум да не се прифати овој амандман од проста причина. Консензусот е работа на инат, затоа што ако некој се договараат и едниот каже не сакам, сите други добри волји пропаѓаат во вода. А сега сакаме ли заедништво, сакаме ли сожителство, да доведеме институт на инат. Ако има основа и потреба да го воведеме.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници сосема ми е јасно дека со ова што ќе речам дека нема да ве убедам да гласате за амандманот. Меѓутоа, излегов да кажам дека институтот консензус може да се сфати и на начин како беше тука интерпретиран. меѓутоа, тој може да се сфати поинаку: Тој може да се сфати и како добра волја, разговор договор за договарање во претходната постапка, пред да се дојде на Собрание, без никакви намери некој да тера инает итн.

Институтот консензус не сме го измислиле ние. Тој постои. Впрочем во федералните држави . Меѓутоа, тој е иманентен според мое длабоко уверување и за вашите услови. Не по сите прашања туку само по прашање кое е од значење за остварување на националната рамноправност. Кој се тие прашања? Ние тие прашања можеме сосема да ги наброиме во Деловникот за работа на Собранието. Намерата и суштината на предлогот воопшто ве се однесува да се блокира работата на парламентот, напротив длабоко сум убеден дека со упорно договарање во телата на Собранијата и да се постигне согласност по определени прашања вие ќе постигнеме помалку да се караме тука во Парламентот. Механизам за заштита на малцинството во Парламентот од мнозинството во Парламентот треба да постои и јас дури велам и мора да постои. Бес тој механизам, ние ќе бидеме перманентно изложени на тоа што и во досегашниот период сме изложени. Може некој ќе ми замери, нашата определба е да ги поспешиме односите, да ги подобриме тие односи. Ние упорно ќе работиме на тоа. Меѓутоа, одбрана од евентуални спротивни процеси на овие, мора да има и треба да има. Знам дека не ве убедив, меѓутоа, слушајќи вчера одредени дискусии јас одлучив повеќе да не излегува повеќе по овие прашања и да дискутирам, затоа што принципот на априорно -дисквалификување ва туѓото мислење ве е начин на комуницирање во Парламентот. Да бидам сосема искрен вчера слушав одредени луѓе како настапуваат , би употребил и еден лош израз и накострешени дури ми падна на памет една песна од Бранко Мирковиќ која според сеќавање слободно во оригинал еден стих вели : "дали не слобода умети да пева, како што су сужље певали оној”. Ние во Македонија сите граѓани во Македонија ја очекувавме слободата, односно демократијата . Јас се плашам дека одредени процеси што се одвиваат не вовлекуваат во води кој што демократијата ја сфаќаат како национална демократија. Ние треба сите да бидеме упорни во

настојувањата таа да се сфати како демократија како што е и самиот израз укажува Оттука треба да се направат напори одредени прашања кој што значат одбрана, да го употребам тој недефиниран израз, на виталните, да ги внесеме дали тука, дали членот 78 , тоа се советодавно тело, според мене тој не обезбедува тоа што е замислата со овој предлог. Повторувам, знам не ве убедив, меѓутоа чувствувам потреба да кажам тоа што кажав.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуваниот колега Абдурахман Халити, кого навистина го почитувам кажа немав намера да излегувам рече национална демократија. Јас мислам дека ако се усвои овој амандман ние ќе ги отвориме широко вратите на таа национална демократија, зошто после 10 и после 20 години ние повторно ќе бидеме приморани да влегуваме во некои национални партии, да браниме некои колективистички права, наместо да им даваме права на индивидуата. Затоа мислам дека овој амандман не би требало да се усвои од причина што по мене лично после 10 и после 20 и 30 години во оваа Македонија нема да биде битно во партиите тој колективистички интерес, туку ќе бидат економските, социјалните и ред други интереси. Затоа предлагам да не го гласаме овој амандман, за да им дадеме можност на една демократија која ќе и престои во иднина на една Македонија.

**МЛАДЕНОВ:**

Јас би сакал да го произнесам своето мислење по овој амандман, односно дека член 69 го сфаќам сосема поинаку од она што беше предложено, од она што се додава во други амандмани во смисла на ова за правење на некој кворум на некои други основи. Мислам дека членот е сосема јасен и зборува за право на одлучување на Собранието односно за минималниот кворум со кој може Собранието да одлучува и логично е по мене дека кворумот не треба да се прави нити на партиска основа ниту на

национална основа. Кворумот треба да биде составев од присуство на пратеници на Собранието. Така да мислам дека овој амандман не му е воопшто местото овдека и сега да правиме кворум за работа на Собранието по партиска основа или на национална основа, а поготово ако треба да се одлучува за некои витални интереси на државата. Државата е на сите, државата е на граѓаните и мислам дека ниту е на партиите ниту на нациите. Оттука мислам дека на овој амандман не му е местото во овој член и предлагам да не биде прифатен.

**ХАРУНИ:**

Инсистирате да бидам краток и кратко ќе се произнесам по овој амандман што пратеничката група го има доставено. Да се разбереме. Граѓанските права регулирани со овој Устав не се спорни Спорно е тоа што нема доволно разбирање за, правата на граѓаните како национални колективитети и значи за националните права не значи што се гарантирани со овој устав, но што тие права во практика тешко ќе може да се остваруваат. Затоа и се залагам за прифаќање на предложениот амандман за да си ја олесниме оваа наша работа во секојдневните собраниски избори, а тоа е во интерес на сожителството.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (продолжение)

Тоа што некој од претходните дискутанти го рекоа, јас наполно се согласувам со тоа дека по пат на дијалог треба да се решаваат и оние најсудбоносните прашања односно виталните интереси на Македонија. Но, за жал, тука таа демократија и тој интерес малку се почитува. Изгледа дека и онаа улична демократија и таа улична еуфорија, за жал, се осеќа и во самиот Парламент, а тоа најмалку во интерес на сите нас во Македонија.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитуваниот колега Томе -излезе овде и рече дека институција консензус може да се нарече и како институција инает. Инаетот мислам дека не е својствен на цивилизираните луѓе, а ние ако ни е интенција, што би рекол почитуваниот претседател Киро Глигоров и ориентација Европа, тогаш и некои проблеми кои би се појавувале во мултикултурна Македонија, би требало сепак да се решаваат со еден меѓусебен договор и со консензус. Според тоа консензусот не сме го измислиле ние, туку го измислил тој цивилизиран свет, односно Европа и ако ние треба да се приклучиме кон неа, јас мислам и проблемите кои би се појавиле во нашето поднебје би требало да се решаваат со консензус

**ЏУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

За мене воопшто не постои дилема дали да се внесе во овој член консензус или не.

Ако рековме дека правиме еден граѓански устав во кој што сите слободи и права и обврски се вртат околу граѓанинот и суверенитетот тогаш ова нешто не треба да се внесе во постоечкиот став. Ова од причина што долго овде имаше дилеми дали носител на суверенитетот во Македонија да биде македонскиот народ Бидејќи рековме дека носител аа суверенитетот

не е македонскиот народ како мнозински народ и дека воопшто ве се работи за тоа дали некој треба да му земе или да му додаде право на оние кои што живеат како националности. Така да мислам дека нема потреба некој со самото тоа што е роден во некој национален колективитет, зборувам за бебе или за мало дете, со своето раѓање да чувствува комплекс како граѓанин од прв односно граѓанин од втор ред, затоа што овде точно го дефиниравме носителот на суверенитетот како граѓанин и мислам дека можеме само да зборуваме за граѓани кои што имаат подеднакви или помали или поголеми права, меѓутоа никако и како припадници на националности и припадници на народ кои што имаат поголеми и помали права.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи вие не сте за прифаќање на амандманот.

Дали уште некој друг бара збор.

Ве молам ајде во групите убедете се, навистина е непотребно повторување на аргументацијата.

Има збор Наим Селмани.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Излегов со намера да потсетам што значи тоа ако не постои овој институт. Тоа значи, само еден пример да ви кажам во Комисијата за избори и именувања каде што и правосудството, мислам претседателот на правосудството беше избран еден судија на Стопанскиот суд на Македонија, такво добро мислење имаше, ги замолија членовите на Комисијата да го изберат, бидејќи сега бил вршител ва таа должност. Така да само се мавташе и веднаш отидоа на човек кој ни оддалеку не одговараше на квалитетот на тој човек иако и претседателите и министерот и претседателот на Врховниот суд рекоа, ве молам другари да се откажете

од партиските определува и рекоа дека овде се работи исклучиво за стручни работи. И покрај тоа што имаше таква молба од официјалните органи на Македонија тие сепак отидоа на човек кој не беше квалитетен. Значи кој ќе биде тој инструмент кој ќе гарантира барен на националностите барем таму кај што имаме квалитет. Тоа беа причините на вашето залагање овој институт да се воведе во едни вакви мултинационални средини односно држави. Инаку потполно се согласувам, не сакам да се повторувам со претходните дискутанти дека тоа се става во федеративни држави, во мултинационални држави и тоа не по сите прашања туку токму .по тие прашања со кои се решаваат националните односи во една така мешана држава.. Еве тоа ми беше намерата. Кој ќе ни гарантира да бидеме застапени и во други органи, освен во овој Парламент каде што се оди на изборни единици и во другите државни и правосудни органи. Според тоа не гледам никаква гаранција. Ако земеме само за пример, сега вршиме избор на сите правосудни органи преку оваа комисија и ниту на еден од националностите ве е извршен избор иако има далеку поголем квалитет во однос на другите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте натаму да ја шириме расправата. Сакам да ви кажам дека тие работи околу изборите си остануваат и понатаму. Сега во Уставот има друг механизам.

Да го слушнеме уште господинот Џафери и одиме натаму на усвојување на амандманите.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Јас само би навел некои работи.

Кога се конституира повеќепартискиот Парламент мислев дека народот ги има избрано баш тие луѓе кои се, спремни да размислуваат со ладни глави и кои ќе спремни да бидат толерантни

Но, од досегашната работа на Собранието се покажа сосема нешто друго. Во ова Собрание иако од страна на одредени партии и од страна на одредени колеги имало многу паметни работи, само сме дејствувале, да речам, како двопартиски парламент и многу паметни амандмани дури не беа прифатени и остануваме или надгласани или мајоризирани. Затоа конституцијата консензус да не ја сфаќаме како блокада на работата на Собранието туку како претходен договор за една порационална работа на Собранието. Затоа се залагам за консензус.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го давам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (22)

Констатирам дека амандманот на член 69 став 2 поднесен од пратеничката група на ПДП НДП не е усвоен.

Отворам претрес за бришење на членот 69 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (4)

Според тоа констатирам дека амандманот за бришење ва член 69 поднесен од пратеникот Тодор Петров ве е усвоев.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот и текстот ва членот 69 го ставам ва гласање.

Кој е за, молам да крене рака? /7 3)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 69 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 70.

Отворам претрес по текстот на член 70.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и текстот на член 70 го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (81).

Констатирам дека членот 70 е утврден.

Преминуваме на утврдување на член 71.

Отворам претрес по текстот на член 71.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ, СПМ и пратениците Владимир Голубовски и Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 1 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од пратеникот Владимир Голубовски.

Молам дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (24).

Констатирам дека амандманот на член 71 став 1 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од пратеникот Владимир Голубовски не се усвоени.

Пратеничката група на СПМ го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 1 и за додавање на нов став по ставот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5).

Констатирам дека амандманот на член 71 став 1 и за додавање на нов став по ставот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 71 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (83).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 71 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 72.

Отворам претрес по текстот на членот 72.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој ве бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека амандманот на член 71 став 1,2,3 и поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоев.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој).

Го заклучувам претресот и текстот на член 7 2 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (85).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 72 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 73.

Отворам претрес по текстот на член 73.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија, пратеничките групи на СПМ, ВМРО-ДПМНЕ, пратеникот Владимир Голубовски и Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од Владата на Република Македонија на член 73 став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот ан член 7 3 став 1 поднесен од пратеничката група. на СПМ.

Сепак да ве известам дека пратеничката група на СПМ го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 3 на член '7 3- поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНБ и пратеникот Владимир Голубовски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам ва гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (24).

Според тоа констатирам дека амандманот за бришење на став 3 на членот 7 3 од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Владимир Голубовски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 73 став 3 поднесев од пратеникот Тодор Петров.

Господинот Тодор Петров го повлекува амандманот.

Го завршивме претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот
и текстот ва член 73 го ставам на гласање.

К03 е за да крене рака? (88)

Констатирам дека Собранието го утврди член 73.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на член 74.

Отворам претрес по текстот на член 74.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања ги прифати амандманите на член 74, за внесување нов став 3, поднесен од Владата на Република Македонија на член 74, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 74 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (81)

81 пратеник гласаа за овој член.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 7 4 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на член 75.

Отворам претрес по текстот на член 75.

Амандмани поднесоа~пратеничките групи ва Социјалистичката партија на Македонија, на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за прашања на изборите и изменувањата и Законодавно- правната комисија и пратениците Алил Џаферовски и Тодор Петров.

Пратеничката група ва Социјалистичката партија го повлече амандманот. Пратеничката група ва Социјалдемократскиот сојуз на

Македонија го повлече амандманот, дали Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и пратеникот Алил Џаферовски останувaат на амандманот. (Останувaат)

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

12 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 75, став 3 од Пратеничката група СДСМ, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и од пратеникот Алил Џаферовски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 75 поднесен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.,

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Според тоа констатирам дека амандманот на член 75 од Комисијата за прашања на изборите и именувањата не е усвоен.

Отворам претрес по Амандманот на член 75 поднесев од Законодавно- правната комисија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам ва гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

7 пратеници гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 75 од Законодавно- правната комисија не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 75 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

13 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 75 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 75 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (83)

За член 75 гласаа 83 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 75 на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 76.

Отворам претрес по текстот на член 76.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на ВМРО-ДП.МНЕ пратениците Тодор Петров и Владимир Голубовски, Законодавно- правната комисија, Комисијата за образование, наука и култура х Комисијата за општествен надзор и претставки.

Отворам претрес по амандманот на член 76, 1 и 2 и за бришење на ставовите 3,4 и 5 поднесени од Законодавно- правната комисија од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од пратеникот Владимир Голубовски.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Молам, кој е за, нека крене рака?

Јас прочитав за кој амандман, еве ќе ви прочитам уште еднаш, амандманот на член 76, став 1 и 2 и за бришење на ставовите 3, 4 и 5 поднесени од Законодавно- правната комисија Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од пратеникот Владимир Голубовски.

Кој е за амандманот молам да крене рака? (20)

20 пратеници гласаа за овој амандман, според тоа констатирам дека амандманот ва член 76, став~1 и 2 и за бришење на ставовите 3, 4 и 5 поднесени од Законодавно- правната комисија, Пратеничката група ва ВМРО-ДПМНЕ и од пратеникот Владимир Голубовски не е усвоев.

Отворам претрес по амандманот на член 76, став 5 поднесен од Комисијата за образование, наука и култура.

Дали Комисијата останува на амандманот? (Да)

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

1 пратеник гласаше за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 76 став 5 поднесен од Комисијата за образование, наука и култура, не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 76, став 2,3,4 и 5 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

12 пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека амандманот на член 7 6 став 2,3,4 и 5 поднесен од Комисијата за општествен надзор_и претставки не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 76 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господинот Петров го повлекува амандманот.

Бидејќи го повлекува амандманот не отворам расправа.

Завршивме со претресот на амандманите.

Дали некој друг бара збор? ( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 76 го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (75)

75 пратеници гласаа за овој член. Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 7 6 на Предлог на Уставот на Република Македонија.

Пратеничката група на РСМ-ЛП поднесе амандман за внесување на нов член 77-а.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот и тој е составен дел на Предлогот на Уставот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на член 77-а и текстот на член 77-а кој е сега 77, се враќаме на нормална нумерација, го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (73)

73 пратеници гласаа за овој член?

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 77 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 78.

Отворам претрес по текстот на член 78.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, Комисијата за здравство и Комисијата за прашања на изборите и именувањата како и пратениците Владимир Митевски, Тодор Петров, и Владимир Голубовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење ва член 78 поднесен од пратениците Тодор Петров и Владимир Голубовски и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

23 пратеници гласаа за.

Според тоа, констатирам дека амандманот за бришење на член 78 поднесен од пратениците Тодор Петров и Владимир Голубовски и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 6 на член 78 поднесен од Комисијата за здравство и Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака. (14)

14 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот за бришење на став 6 на член 78 поднесен од Комисијата за здравство и Комисијата за прашања на изборите и именувањата не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 78, став 2 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Молам, кој бара збор.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, без никаква претензија околу точноста со толкав број граѓаните од српска националност партиципираат како конститутивен елемент во вкупниот број на населението во Македонија, меѓутоа, бидејќи знаеме каква е улогата на овој совет за меѓунационални односи и каков е нивниот состав мислам дека амандманот треба да го усвоиме и граѓаните од српска националност треба да бидат опфатени во овој совет и сите проблеми на релацијата меѓунационални односи да бидат адекватно решени.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Со оглед на тоа дека во Куманово живеат можеби најконцентриран дел од србите во Македонија и во интерес ва политиката на демократија која што Македонија ја водеше и ја води во овој дел мислам дека улогата на ова Собрание ќе биде уште повеќе збогатена ако во советот влезат не само под други националности туку и како срби бидејќи тоа нема да им пружи можност на сите комшии кои зборуваат дека србите во Македонија се обесправени со самото тоа што ќе бидат внесени во нашиот најголем законик Уставот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, мислам дека во член 78 став 2 се утврдува структурата на советот за меѓунационални односи според белегот национална припадност. Конкретно речено дека членовите ва Советот го сочинуваат претседателот на Собранието со по два члена од македонската, албанската, турската и двајца власи и двајца роми и двајца членови од другите националности во Македонија. Вака утврдената структура на предвидените членови се разбира не до крај ги застапува подеднакво и другите националности, а пред српската која  и по бројот на населението кое е застапено во Република Македонија и според другите карактеристики заслужува внимание и потреба во понудениот член да се внесе и зборот "срби". Во таа смисла го прифаќам амандманот поднесев од пратеникот Владимир Митевски со забелешка да текстот до крајот на реченицата не се брише заради можноста и другите националности да бидат застапени со двајца членови.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки.

Се приклучувам кон Предлогот на пратеникот Митевски во врска со прошируваше на оваа листа на овој национален совет и за срби поради тоа што во наброените членови имаме многу помал број на другите националности и етнички групи отколку што се и срби. Според тоа мислам дека и застапување на српската националност во овој национален совет мислам дека би било пожелно во овој парламент.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Излегов да кажам дека сепак имам впечаток, се бара нешто за да се добие во оваа визуелно бидејќи се пренесува на телевизија. Мислам дека тука не се присутни и сите претставници на македонскиот народ, не се присутни сите по оваа логика и претставници на другите националности. Присутни се токму тие што е крајно даден изборен резултат по наши вреднувања, демократски, слободни избори. Манипулација да се биде тој и тој не може да се сфати со крајни напори да биде добронамерно токму така. И ценам во формулацијата 2, 2, 2, и двајца други никаде не стои дека во тие двајца други едниот не може да биде од српска националност. Може да биде, може да биде и од другите. Настојувањето по секоја цена тоа го подразбира. Ние сите констатиравме и размислувавме на глас што во изборите не се успеа ниеден од турска националност да биде присутен. И мислам дека сите подеднакво во тоа се сложивме и не ни беше мило, бидејќи се беше дадена една традиција од секогаш еден минимум да биде запазен, но резултатот на изборите е тоа. Па затоа, излегов пред да добие

збор претставникот на експертската група, да не се остава впечаток дека еве некој се залага за тоа да бидат присутни, големиот дел се залага да не бидат присутни.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Почитувани пратеници, ќе бидам сосема краток. Ме интересира затоа ќе поставам едно прашање на експертската група вистина е, ние се наоѓаме во една незавидна положба. Ако е точно ова што се пишува и што се слуша во овие последни месеци дека во Македонија има околу 1.700,000 македонци, 1.200.000 албанци, Ј.00.000 турци, 120.000 власи, 200.000 роми, 120.000 муслимани и околу 300.000 срби.

Ме интересира колку брои оваа наша Република и колку навистина има граѓани во оваа наша Република, да имаме јасна слика овде и да се знае. Навистина да не живееме повеќе во една таква заблуда туку да имаме точна статистика. Српската дипломатија вели дека има околу 300.000 срби, ние албанците викаме 1.200.000 албанци, македонците викаат 1.700.000 македонци, па која е таа статистика да видиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, добро, ве молам ајде сега ако може да се сведеме на амандманот, ќе излеземе надвор од амандманот, очигледно, по амандманот расправаме.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Видите ова не е реплика пред малку кажав и не сакам, не претендирам да ја кажам точната бројка со која српската националност партиципира во Македонија. Воопшто не инсистирам на тоа туку кажав ако совет е во функција да ги решава проблемите во меѓунационалната сфера, редно е и граѓаните од српска националност да имаат два претставника таму. Ништо друго ве барам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дајте да го чуеме и претставникот на Експертската група. Немојте бројките се различни, сите ни се точни. Точни се само од пописот и ништо друго.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници бројките воопшто не се од претходно значење во врска со формулирањето на овој член ниту има врска со изборите. Ова има врска со етничката карта на Македонија. Вие стануваме сега самостојна суверена држава и треба да кажеме кои се тие националности што живеат во Македонија и кои можат преку овој Совет да влијаат, да ја искажат својата позиција во Републиката. Групата предлага да се усвои овој предлог и да гласи, после зборовите "роми" да стои "срби и двајца членови од другите националности во Македонија". Тука смета дека дополнително може да се стави еден од Египќаните и можеби еден од друга националност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи групата мисли,дека може да се освои а не предлага. Таа не може да предлага.

Дали за амандманот бараа уште некој збор?{Никој).

Бидејќи за амандманот натаму никој ве бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака

45 пратеника гласаа за овој амандман.

Според тоа овој амандман ве е усвоен. Тоа е амандманот поднесен од пратениот Владимир Митевски.

Завршивме со претресот со амандманите.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господин Амид Алију.

**АМИД АЛИЈУ:**

Почитувани пратеници бидејќи во членот 69 ве се прифати консензусот, јас консензусот го предлагам во членот 78. Овде во овој член му е местото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, предлага сега, како сугестија, ве е амандман. Амандманот треба да биде напишан. Останува само како сугестија.

Ја ставам ва расправа сугестијата што беше дадена.

Дали некој бара збор? Ова не е амандман. Ако расправаме и ако се согласиме, може да овозможиме да се поднесе амандманот. Затоа јас го ставам во расправа овој предлог. Сега расправата ве е по амандман. Ние ја завршивме расправата по амандманите и сега реков дали има некој да бара збор после амандманите, кога одиме ва целиот член. Сега ќе маме напишан амандман, а ако расправата покаже сега по оваа сугестија, во таа расправа, може да направиме една кратка пауза за да се даде амандманот.

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Значи немаме расправа по ова прашање.

Еве за збор се јавува господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Последната алинеја таму каде што пишуваа "Собранието е должно да ги разгледа мислењата и предлозите на Советот да донесе одлука во врска со нив”, предлагам наместо зборот “разгледа” да стои "почитува". Значи да

ги почитува мислењата и предлозите и во врска со нив да донесе одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е исто.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Едно е разгледува а друго е почитува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Откако минаа предлозите, ова што ве е прифатено денеска како предлог, сметам дека со уставот на оваа Комисија во овие други двајца што треба да бидат, да ве бидат погрешно разбрав, да речеме србите ги сметам и тие се народ во една република во една држава ги остваруваат сите свои права, а овде за сосема друга материја се работи. Се работи за остварување ва некои специфични права што ве се остваруваат ва некое друго место. И затоа сметам односно при конечното дефинирање односно составот на Комисијата,Комисијата за прашаа>а ва изборите и именувањата ќе треба да води сметка за овие национални групи што ве се застапени во Комисијата. Тука се србите Египќаните, муслиманите. На тоа сакав да укажам во конечниот состав на Комисијата да има предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со овој предлог ва господинот Рамадани, да го чуеме господинот Фрчковски, дали е ова апсординаро во текстот и дали ова значи некоја промена.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници за вас немаше дилема ниту кога овој совет се составуваше ниту сега, ниту во работата ва Советот дека ве постои друг начин, на кој Советот може да зазема ставови за своите прашања, освен со консензус. Ние го испуштивме тоа од овој член  со тоа да тој начин ва

работа да се регулира со Деловникот на советот. Меѓутоа, воопшто ве е проблем ако сметате дој начин на однесување да се издигне ва уставно начело, во самиот член тој да се усвои. Нема друг начин и нема дилема. Тука, навистина нема дилеми. Не може таков е составот ва Советот да ве може друг начин ва одлучување да биде. Тука нема никакви дилеми. Само проблемот е што експертската група и Уставната комисија ова го усвојуваше, сметаше дека тоа може и со Деловникот ва Советот да се регулира. Инаку околу начинот на модусот ва одлучувањето немаше никакви дилеми. Советот е таква институција кој што може да одлучува само со консензус. Тежина неговите одлуки можат да имаат само доколку ваквиот паритетен состав се согласи околу некои ставови и како такви му ги понуди на Собранието да ги разгледа. Нема никакво проширување ниту стеснување на работата ва Советот ако се издигне начинот, односно ако се спомене како последна алинеја на член 78.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас инаку, прифаќајќи го ова истакнување, мислам дека токму затоа не треба в да влезе овде. Видете, малку по малку на советите треба да им внесуваме и деловнички одредби. Вака може да претераме. Точно е тоа, што го зборуваше господинот Фрчковски и такво беше убедувањето ва Комисијата.

Има збор господинот Никола Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Советот за меѓунационални односи може евентуално да биде помошно тело, работно тело и слично. Понизок орган е од Собранието. Сите предлози што одат ва тоа да го обврзува вашето Собрание, се стварно излишни. Внатре, во рамките на советот како ќе си го редат куќниот

ред, тоа е прашање ва дополнителна постапка. Значи, не може да прифаќа никакви предлози, Советот да мора да го обврзува Собранието да мора да го прифати предлогот или мислењето. Обратно последен врвен орган, вие сме овде што секој вас треба да ве почитува, а не некоја месна заедница односно совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По ова прашање групата ве се произнесе што значи почитува.

Има збор господин Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека треба да си остане Текстот ва овој член како што е формулирам, заради тоа што може секој секого да почитува, а ништо да ве разгледува. Затоа сметам дека ако стои почитува, може да ги почитува, а никогаш д ве ги разгледува.

И второ, ако сакаме тој Совет да работи односно да ве работи, тогаш да му дадеме право ва консензус. Соборот на Републиките гледаме како се договара и до каде ја доведе Југославија. Ако сакаме да постои да ве функционира тогаш ноже да биде право на консензус при одлучување. И од тие причини сметам воопшто ве држат предлозите за одлучување со консензус и менување ва зборчето"разгледа" со зборчето"почитува".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво мислам дека членовите во тој совет мора меѓусебно да се почитуваат, и мислењата да си ги почитуваат, да работат заедно ва една проблематика многу осетлива. И таму треба да се предлагаат како што како и другите и господинот Фаик овде рече, луѓе што ги почитуваат во својата средина, луѓе што се флексибилни и се почитувани и меѓу другите националности за да можат меѓу себе да се разбере. Тоа е главно какви луѓе таму ќе бидат избрани.

Инаку со Деловник ќе се уреди така тие меѓу себе да не се караат туку секогаш кога ќе се договорот комплетно, ќе се усогласат и да дојдат пред Собранието со предлог. Ова што овде го обврзуваме Собранието во последниот став, тоа е обврска да ги разгледува. Повеќе не можеме да дадеме овде. Собранието има обврска да разгледува и да одлучи, а како ќе одлучи, е право ва Собранието Почитување е тоа што мора да ги стави во постапка.

Има збор Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКМОВ:**

Дами и господа јас сакам да го изнесам моето убедување дека ваков Совет ва Републикава поточно на македонската држава ве и е потребен. Настанати конфликти многу поадекватно ќе се решаваат со тоа општото што сите мислиме да го градиме, а тоа е запишано во член 1 од овој Утав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бошкова зашто ве зедовте збор по амандманите, каде што се предлагаше бришење ва овој член.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Па ја мислам дека гласавме веќе по амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој амандман го усвоивме и ве можете сега повторно да дадете амандман, во оваа фаза ва расправа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас сега се извинувам, што е ва ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Членот. Меѓутоа имаше таков амандман, како вие што зборувате. Сега разговараме за сугестиите што ги даде господинот Рамадани.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Добро во ред, јас веројатно смеам да кажам зашто нема да гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А така, тука имате право.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Мислам дека постои некаква флексибилност и не мора прво да се води истрага со кој мотив некој излегол да зборува. Некој водат и по пола саат дискусија и да. ве бидат прекинувани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бошков, само еден момент ако ми дозволите. Работата е во следното. Да ја завршевме оваа расправа со сугестијата а после ќе си добиевте збор, ова да си го кажете. Затоа прво да ја завршевме оваа расправа. Инаку, сосема слободно, и сега продолжете.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Значи ваков Совет ќе биде контрапродуктивен а подобар ќе биде совет за меѓуконфесионални односи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За сугестијата нема ништо. Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас кога предложив една ваква сугестија ве мислев дека тие членови на Советот нема да се почитуваат меѓу себе. Напротив мислам дека многу добро ќе се почитуваат, затоа што таму ќе бидат избрани луѓе кои навистина ќе имаат почит еден према друг. Тоа значи дека тие би требало да имаат такви компетенции што ние нивното мислење мораме, дури мораме да го почитуваме. Затоа што верувам дека тие ќе расправаат на многу чувствителни прашања и нивните и сугестии кои ќе бидат поднесени овде во парламентот, ние не ги почитуваме. Значи тоа почитување да не

остане само во тие редови ва тој совет, туку тоа почитување да биде и тука меѓу вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па тоа би била нивната вредност, а ве уставна норма. Тогаш е сосема непотребно да биде уставна норма, ако се такви луѓето.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ќе разгледуваме и ва крајот ќе гласаме . Кога ќе гласаме значи тоа што го предлага тој совет пак ништо ве се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не мора така. Не е така. Зашто така господине Рамадани да биде.

За збор се јави госпоѓа Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Во членот 78 се вели точно Советот ги разгледува прашањата ва меѓунационалните односи во Републиката и дава мислење и предлози за нивно решавање. Г Во последниот став ва овој член се вели "Собранието е должно да ги разгледа мислењата и предлозите ва Советот и да донесе одлука во врска со нив? Не ја прифаќам сугестијата ова да биде променето. да ги разгледа зашто токму така треба да стои. Ова и од причини затоа што вие добиваме мислења и од Владата која што е законодавно тело за своите материјали. Добиваме мислења што се предложени од Владата па вие ве одлучуваме по тие мислења ва Владата, често пати,Мислен»ата ва Владата се одбивани. Исто така добиваме мислења и од Стопанската комора, од Синдикатот. Тие мислеа,а ве мора да бидат прифатени од Собранието. Ако се стави некоја друга формулација ва овој член значи Собранието односно нему веднаш му се намалува степенот на образувањето. Значи овој совет ќе има некоја паралела со Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ја не мислам како претходниот дискутант дека ако се воведе должноста Собранието да ги почитува мислењата ва тој Совет, дека се намалуваат функциите и компетенциите, на Собранието. Напротив и работните тела ва Собранието и Советот, сите тие се работни тела или органи кои ќе му помагаат ва Собранието по ефикасно да работи. Така да мислам дека воопшто ве држи таа логика. Тоа како прво.

И второ имам едно прашање, наиме, ако веќе се воведува овој орган дали е потребно и понатаму да функционира Комисијата за меѓунационални односи. Ако функционира дали и сеуште ќе функционира во ваков состав и ваква гарнитура. Повеќе од една година тој орган функционира спротивно уставните и деловните одредби. Јас ова прашање го покренав пред 6-7 месеци и Собранието заклучи дека веднаш ќе се пристапи ков усогласување ва оваа нелогичност помеѓу Уставните норми и Комисијата која така беше составена. До дев денеска тоа ве е направено. Каква ви е таа Комисија сите знаеме. Затоа прашувам дали и понатаму ќе функционира, и ако функционира барам таа Комисија навистина да биде таква како што налагаат и уставите и деловничките одредби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Досега таа Комисија беше уставна институција. Сега преставува и повеќе ве е во уставот.

Оваа сугестија што ја дадовте дали со неа ќе одите на амандман. (Не)

Бидејќи нема амандман предлагам да одиме ва гласање на членот 78.

Го заклучувам претресот по текстот на членот и  Текстот на членот го ставам на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за овој член да крене рака?7 (61)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 78 на Предлогот на^ставот на Република Македонија.

Пратеникот Туше Гошев поднесе амандман за донесување на нов член 78-а, по членот 78.

Отворам претрес по амандманот. Молам, кој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

(Почитувани пратеници, сметам дека амандманот на господин Туше Гошев е прифатлив, лично за мене, а еве од кои причини.

Прво, Собранието на Републиката според членот 68 што го утврдивме, ги утврдува сите јавни давачки, а меѓу другото и оние кои го сочинуваат приходниот дел на буџетот на Републиката.

Понатаму Собранието преку донесувањето на Републичкиот буџет ги утврдува и распоредува по раздели и позиции ги назначува исто така и корисниците на буџетот. Од донесувањето на буџетот на Републиката, до утврдувањето на ребалансот на буџетот, престанува улогата на Собранието, па поради тоа дури во наредната година со утврдувањето на завршната сметка на Собранието, Собранието се запознава со сите приходи и расходи извршени во Републичкиот буџет. Токму поради таа празнина и улогата на Собранието која не е предвидена во Уставот, се надополнува со овој амандман со кој се предлага да се формира Совет за финансиска контрола кој го избира Собранието.

Улогата и задачата на Советот би била да врши финансиска контрола на формирањето на приходите и извршувањето на расходите според ова

што е зацртано во Собранието. Исто така, врши и контрола на финансиското работење и ва државните органи, а за тоа му предлага на Собранието одредени мислења и предлози, а се со цел средствата правилно да се насочат и утврдат ва овие корисници ва буџетот кои се зацртани од страва ва Собранието во Републичкиот буџет.

Доколку Собранието овој амандман ве го прифати, оваков каков е конципирав, би можел да најде свое место во Законот кој би ја регулирал оваа област и тоа би била моја одредена сугестија по овој амандман кој сметам дека е доста издржав и по мое мислење е прифатлив.

(со седницата продолжи да раководи Тито Петковски, потпретседател на Собранието.)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Има збор, господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**

Овој е за мене апсолутно неприфатлив амандман од причина што ако го прочитале предлагачите членот 68 каде вели дека Собранието ва Република Македонија во една од ингеренциите е дека основа совети, па врз основа ва тој член понатаму може да се основа ваков совет. Значи, ова е апсолутно непотребен амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ**

Почитувани дами и господа. Согласно членот 68 каде се дадени ингеренциите ва Собранието, покрај законодавната и основата функција ва Парламентот и изборот на извршната власт која непосредно ја бираат граѓаните, основа функција ва Парламентот е вршењето ва надзор и контролата над извршната власт. Во овој контекст скоро сите

парламентарни земји почнувајќи од Шпанија, Уругвај, Соединетите Американски држави, Франција, основаа институции кои вршат надзор и контрола над извршната власт која дефакто ќе ја карактеризира и успешноста на Парламентот во остварувањето на својата функција.

Проследувајќи го Уставот во членот 68 во претпоследните ставови каде што зборува дека Собранието врши надзор и контрола над извршната власт, а не операционализирајќи го овој член со ни еден орган во дадениот момент во кој сега се наоѓаме во преобразувањето на нашето општество, од овие причини сметам дека мојот амандман треба да најде место во функција на извршување на надзорната и контролната функција на Собранието над извршната власт. Тоа го партиципира од следни,те причини:

Бидејќи државата со поништувањето на општествената сопственост станува управувач и стопанственик кој рамноправно ќе учествува со сите стопански субјекти на пазарот, со државната сопственост, а и од други причини во извршувањето на Буџетот во законитоста во вршењето на приходите и расходите на извршната власт го следи финансиското работење на државните органи и органите на управата и другите служби што ги основа извршната власт. Од тие причини сметам дека можеме и мораме да му дадеме поголемо значење на таа функција на Собранието.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Овој амандман е моментално најнеприфатлив, бидејќи имаме моментално поделба на власта, законодавна, извршна и судска. Ова Собрание во наредниот период има исклучиво законодавна функција Во однос на оваа функција може само да се произнесе доколку има потреба во функционирањето на овој финансиски систем и потреба од нови прописи да

донесе прописи и слачно. Контролата функција прво се нарушува принципот ва самостојно работење ва извршната Функција, потоа ние и поранешниот Устав вели дека Собранието нема контролна функција, сега додаваме анкетни комисии кои исто се сведуваат на контрола, тоа веќе го усвоивме, таа контрола е извршена и може да се утврди врз основа на анкета, да се утврди одговорност. Ова е чисто административно решение.

Во однос на финансирањето имаме служба за општествено книговодство која треба да се трансформира во општествена контрола заедно со управите за приходи, вие со ова ново бирократизирање, нови апарати ако земеме и тоа дека Собранието ве е претставено од стручњаци, пратеници, пратениците се претставници ва народот кои ве мора да имаат одредена стручност и ве можат да ја вршат оваа стручна контрола, ефикасно. Со вакви новоформирани совети сите ќе контролираме, а нема кој непосредно да ги извртува работите ниту во производство ниту во другите дејности.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ**

Ценејќи ја суптилноста ва прашањето како и веќе зацртаниот став ва Уставната комисија да се одбие овој амандман се«ак би ги повикал стручњаците од експертската група да слушнеме какво е нивното мислење и кои се нивните причини за неприфаќањето на овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Дали чувствувате потреба од експертската група.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**

Господа пратеници ние сметавме дека овој амандман воопшто ве е прифатлив, бидејќи има освоено задолжение, на Собранието да формира совети, тоа Собрание може да га формира такви какви што сака, имаше идеи да се формира економски социјален совет што исто така држи,

меѓутоа, тоа ќе се остави на одлука на Собранието и не треба да се издигне овој совет на ист уставен ранг како што е републичкиот судски совет, како што е Советот за меѓунационални односи кои се споменати во самиот Устав. Тоа значи вашиот став е таква институција може да формира Собранието по основа на член 68, алинеја 10 или 12 основа совети, а не како посебна уставна институција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на* гласање.

Кој е за молам да крене рака? (20)

За амандманот гласаа 20 пратеници.

Констатирам дека амандманот за внесување ва нов член 78-а поднесен од пратеникот Туше Гошев ве е усвоен.

Пратеничката група ва ВМРО ДПМНЕ, поднесе амандман за внесување на нов член 78-а во точка 2.

Отворам претрес по амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам ва гласање.

Кој е за молам да крене рака? (17)

За амандманот гласаа 17 пратеници и констатирам дека амандманот за внесување на нов член 78-а во точка 2 поднесен од пратеничката група ва ВМРО-ДПМНЕ, ве е усвоев.

Пратеничката група ва ВМРО-ДПМНЕ н пратеникот Тодор Петров, поднесоа амандман ва глава III точка 2 и со иста содржина ва амандманот поднесоа Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманите.

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Сакам да го образложам овој амандман заради тоа што усвојувањето и не усвојувањето и неусвојувањето на амандманот условува повлекување на одредени амандмани кои се инкорпорирани со оваа содржина за постоење на функцијата потпретседател.

Лично сметам дека постоењето на функцијата потпретседател на Републиката воопшто не е неспоиво со овој полупарламентарен полупретседателски систем како што сакаме да го инаугурираме. Пред се заради следното:"

Во членот 82 во став 3 и 4 како што е предложено се предвидува во случај на спреченост да ја врши функцијата претседателот на Републиката, го заменува претседателот на Собранието, а кога претседателот на Собранието ја врши функцијата претседател на Републиката само учествува во работата иа Собранието без право на одлучување.

Во членот 67 кој веќе го утврдиме во ставот 3 пишува дека функцијата претседателот на Собранието е неспоива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичката партија. Бидејќи ова неспоивост не е изземеа случајот кога може да биде претседател да ја врши функцијата претседател на Републиката, сметам дека членот 67 кој го усвоивме ќе падне во колизија со членот 82 каде претседателот на Собранието може да го замени претседателот на Републиката. Од тие причини сметам дека воопшто не е оправдано на претседателот на Собранието да му се доверува вршењето на функцијата претседател на Републиката во случај таа спреченост да ја врши функцијата претседателот на Републиката.

На овој начин, бидејќи во членот 80 став 4 се предвидува претседателот ва Републиката да наполнува најмалку 40 години живот произлегува за претседател ва Собранието ве може да биде избрано лице кое е помладо од 40 години, што верувам и мислам дека ги доведува пратениците во нееднаква положба во однос ва нивните права како пратеници во Републичкиот парламент.

Од тие причини предлагам, во главата II односно во глава III точка 2 покрај функцијата претседател да стои дека Републиката има потпретседател.

**АЦО СПИРОСКИ:**

Во смисла на поддршка на дискусијата ва господин Петров а и нашето залагањето ва Уставната комисија да се воведе оваа функција потпретседател како неопходна во смисла ва тоа што ако ве се предвиди оваа функција, а се даваат одредени ингеренции ва претседателот на Собранието во одредени моменти кога ќе постои спреченост, смрт или оставка ва функцијата претседател ва Републиката, инсистиравме на важноста и значењето ва оваа функција како уставна категорија да се внесе во Уставот.

Сметам дека господинот Петров е наполно во право кога тврди дека во членот 67 постои неспоивост на оваа функција исто така и во одредбите ва членот 82 каде се назначени случаите кога претседателот не е во можност да ја врши функцијата истата му се доделува на претседателот на Собранието е во неспоивост во смисла на тоа ние се залагаме да нема двојни функции и начинот на кој се избира претседателот, а тоа е претседателски систем, изборен систем, постапка која оди ва непосредно изјасвување ва граѓаните, тоа е постапка врзана со рокови односно зазема определен рок, сметаме дека функцијата претседател ва Собранието и претседател ва Републиката, во оваа смисла е неспоиво што истата важи и за одреден....а има и двојно значење односно двојна функција.

(со седницата продолжи да раководи Стојан Андов, претседател на Собранието).

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ :**

Овде има една интересна дилема. Со Уставот пропишуваме дека претседателот на државата треба да има над 40 години. Ако се случи на следните избори победничката партија го даде својот кандидат за претседател на Собранието да има само 25 години и после се јавува една празнина, како ќе го заменува претседателот на Собранието кој нема над 40 години.. Затоа сакам некој од експертската група да ни објасни. Претседателот може да биде отсутен и една година, било од болест или било од други причини. Каква празнина се јавува после тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е потребно експертската група века повели века каже.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ова решение каде што постов претседател ва Републиката која ве е симболична или формална функција и каде што во случај ва спреченост на вршење ва функцијата, во случај ва губење ва мандатот по сила ва Уставот или во случај ва смрт или оставка, претседателот на Републиката го заменува претседателот ва Собранието и тоа е стандардно решение. Тоа е исклучив случај, а јас можам да ви наведам неколку земји, во да не ве замарам сега во КОИ земји тоа се случува како редовно уставно решение, поради тоа што тоа е исклучок од правилото. Имено, тоа трае најмногу 40 дена, во најлошиот случај до вршење ва нови избори за претседател ва Републиката, таквиот исклучок се допушта како уставно решение. Така е ситуацијата и во Франција, ве се врзува мандатот или староста ва претседателот ва Собранието со истиот цевс кој се бара и кој лостов кај претседателот ва Републиката. Тоа е исклучок и тука таквата

недоследност се допушта како уставно решение. Според тоа, нема потреба ние од тоа да отстапуваме, мислам од тоа решение кое е стандардно да отстапуваме надвор какви се партиските интереси во конкретниот случај.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине професоре, вие ве ме убедивте со ова. Исклучоци во Уставот ве може да има. Тогаш правиме исклучоци во Уставот, правиме исклучоци во Законот. Тогаш ајде уште сега да ставиме дека претседателот треба да има испод 40 години, па да немаме исклучоци во Уставот. Инаку, вака ќе имаме исклучоци и во Уставот и во Законот. Ние многу исклучоци направивме во овој Устав.

**ВАНЧО МИНОВ:**

Ќе се обидам поконкретно да му одговорам ва пратеникот Јованов, бидејќи тој праша како ќе постапиме во ситуација кога во услови ва заменување ва претседателот ва Парламентот има помалку од 40 години, а тоа е ограничувачки услов во членот 80. Тоа се работи за надлежности утврдени со Уставот во строго одредени ситуации утврдени со членот 82. А за претседател ва Републиката се работи овој критериум во случај да ве може да биде избрав, а во претходниот случај тоа е функција која по Уставот автоматски настапува во строго одредени случаи. Не се работи за избор туку за автоматизам ва надлежност директно по Уставот.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, во принцип го поддржувам амандманот ва ВМРО-ДПМНЕ за воведување ва функција ва потпретседател, во само под еден услов во вид ва амандман. Доколку претседателот биде Македонец, функцијата потпретседател да ја врши граѓанин од немакедонска националност. И обратно по тоа теориски па и практично постои можност

еден ден Македонија да добие претседател кој нема да биде од македонско потекло, тогаш потпретседателот да биде Македонец.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот  амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Според тоа, констатирам дека амандманот на глава III точка 2 поднесени од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од пратениците Тодор Петров, Драги Арсов и Томислав. Стефковски ле се усвоени

Преминуваме на утврдување на член 79.

Отворам претрес по текстот на член 79.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ, Социјалистичката партија на Македонија, Комисијата за општествен-политички систем и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на став 1, а Комисијата за општествено- политички систем и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 79, став 1 и 2 поднесен од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (24).

Според тоа, констатирам дека амандманот на член 79. став 1 и 2 од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоев.

Пратеничката група од Социјалистичката партија го повлекува амандманот. Не водиме претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 79, став 1 и за додавање на нов став што е поднесен од пратеникот Тодор Петров (Господинот Петров го повлекува амандманот).

Завршивме со претресот на амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 79 га ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (82).

Констатирам дека Собранието*го утврди членот 7 9 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преживуваме на утврдување ва членот 80.

Отворам претрес на текстот ва член 80.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и пратениците Алил Џаферовски, Кирил Ковачевски, Тодор Петров, Владимир Голубовски, Драги Арсов, Томислав Стефковски и ЗПК.

Отворам претрес по амандманот ва член 80, став 1,2,3, 4 и 5 поднесев од Пратеничката група ва ВМРО-ДПМНБ.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Од причини што не поминаа претходите амандмани во кои баравме да се воведе функција потпретседател во членот 80 ставот 1,2 и 3 ги повлекуваме и остануваме на ставовите 4 и 5, а кои се однесуваат во ставот 4 за претседател може да биде бирано лице кое навршило 40 години возраст, остануваме ва тоа таа одредба да се брише, од причини што сметаме со него се елиминира една група граѓани која ги има сите права во однос ва избори и јавни функции и деловна способност да кандидира за оваа функција.

По однос на ставот 5 за кој се бара претседател ва Републиката да не може да биде избрано лице кое со денот на изборите не било жител на Република Македонија и најмалку 10 години во последните 15 години, бараме бришење на оваа одредба од причини што сметаме дека жителството не е единствен услов кое овозможува одредени лица кои се чувствуваат способни за функцијата претседател, за одредени лица оваа^функција е недостижна, пред се мислам на лицата кои живеат во дијаспората и сметам дека оваа одредба не држи во овој Устав, затоа што истата е спротивна со членовите 2 и 4 на овој устав каде што е регулирана категоријата на граѓаните во поглед ва државјанството. Спротивност наоѓа во членовите 22и 23 на овој Устав каде што е регулиран начинот на избори, на избирачкото право и избор во јавните функции, а исто така спротивно ва законот ва избори ков пред извесно време го донесе ова Собрание каде што лицата од дијаспората добија активно избирачко право.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, ќе се осврнам ва став 4 од членот 80 во кој што се вели за претседател на Републиката може да биде избрано лице јас дојдов во врска со амандманот за да истиот се брише, затоа што против сум било какво ограничување ва возраста. Ако некој оценил, а веројатно тоа е пресликано од труевте устави дека 40 години е време во кое што се постигнува политичка зрелост, незнам дали самата бројка значи дека навистина тој човек кој и да е има политичка зрелост ако претходно не се бавел со политика. А од друга страва ако веќе одиме на ограничување ва возраста, сигурно треба да се стави горната граница, бидејќи ако младоста е пречка, тогаш сигурно и сенилноста требало да биде пречка. Од медицинска гледна точка човекот е најмногу способен од 30 до 40 години, тоа барем научно е докажано, така што сметам дека овој амандман во овој член, овој став треба да се брише.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Се јавувам во врска со амандманот и ставот 4 од член 80. Неприфатливо е од аспект ва принципиелност дека годините, ве од принцип на персонално гледање на ставот 4, туку од принцип ва принципиелно гледање дека 40 години живот е некаков критериум. Умот нема никаква врска со возраста.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

На ова се надоврзувам, мислам ва претходите дискусии и во рамките ва Комисијата за избори и именување со мнозинство поднесовме амандман со кој член 4 односно ограничување на возраста за кандида®. за претседател ва Републиката, да се брише. Прво, сметам дека со бришењето се создава поголема демократичност. Второ, ние сега го менуваме системот, досега беше социјалистички, кој ве правеше никакви граници и го сметавме како конзервативен социјалистичкиот систем, го заменивме со ново пазарно работење.

Второ, ако се сетиме, вие доста и. недостатоци ва претходниот систем укажувавме дека и затоа отидовме од еднопартиски во повеќепартиски систем. Тие недостатоци имаше во смисла што право за време ва НОБ и неполнолетни со 16 години ги сметаа полнолетни за да стекне право ва избор. Исто така, учество во НОБ иако ве работеле ниту еден дев во двоев старт се признаваше. Претходното искуство треба во случајов како контигвитет да го користиме, бидејќи во претходниот систем, иако еднопартиски, по недемократски сите слоеви имаа подеднакво право. За секоја манифестација и во секоја функција можеа да учествуваат пионери, младинци жени, мажи и сл. Тие принципи вие потполно ги заборавивме, па затоа и ви се распушти младинската организација, сите преминавме во професионални партии. Немаме сојуз ва пионери, немаме сојуз ва младина и сл. Со ова ограничување со тоа ги правиме 50% од генерациите односно ги ограничуваме. Со тоа ние со оваа граница преку 40

години очекуваме природна селекција, тоа значи чисто само староста да врши селекција, а не квалитетот или други карактеристики. Сметам дека секој може да биде претседател со навршено избирачко право, меѓутоа, историски во државноста или парламентарните демократии има ограничување. Уште во Античка Грција има такви ограничувања за пратеници. Таму не може во сенатот да биде со незавршени 65 години. Меѓутоа, сметам дека претседател треба да биде секој, бидејќи тој пред овој Парламент дал заклетва, а овој му дава доверба, го контролира и сл. Секој способен човек треба да му е достапна оваа функција за претседател.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Сите аргументи кои што беа изнесени овде во прилог на амандманот, а против ставот 4 на членот 80, се прифатливи и ги поддржувам. Во таа смисла би сакал да додадам уште две работи. Прво, вака како што е формулиран овој став на членот, прво од експертската група, потоа од Комисијата за уставни прашања ва крајот изгледа и од ова Собрание ќе биде голема дрскост да му се узурпира избирачкото право на народот и да му каже народе, ние знаеме што ќе бирате вие. Мислам дека тоа е потценување на народот и докажување дека народот сепак не е зрел сам да си избере и треба тоа да му го пропишеме со акт тука. Тоа е првиот аргумент.

Вториот аргумент е тоа дека исто вака ако остане овој став 4 на член 80 на некој начин ова Собрание и сите што работиме на ова би значело негирање, односно непризнавање на ова што сите го викаме национална историја и национални идоли. Тука тргнете од најголемиот ваш национален идол Гоце Делчев, кој што е загинат околу триесеттата година. Потоа претседателот ва Крушевската Република Никола Карев в сите ваши револуционери кои биле под 30 години, сега со ова викаме ве вие сте биле

зелени. Исто така,  мислам дека дури и претседателот на Републиката кој што го имаме сега и тој на 27 години учествувал на Заседанието на АСНОМ. Мислам дека Собранието треба и малку подлабоко да размисли овде и овој став на членот е направен , како што рече господинот Ќелешов од персонални причини, а не од принципиелни, а тоа народот најдобро знае да си избере и сум на мислеше дека треба да го поддржиме амандманот на ставот 2.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници има една кинеска поговорка која што вели "од моето најпаметно дете, попаметен е народот". И ако во член 80, став 1 велиме "претседателот на Републиката се избира на општи и непосредни избори со тајно гласање за време од 5 години, да му дозволиме ако е најпаметен народот да се произнесе во оваа парламентарна демократија тој самиот. А не да се скратува рокот да биде најмалку 40 години на живот. Според тоа сум против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи со тоа не си против амандманот.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас сум за тоа да не се скратуваат годините, може да биде претседател и 35 години. Амандманот го поддржувам.

**ФАИК АБДИ:**

Турците имаа една многу мудра поговорка. Аџамилак бите баша јаш та . Според тоа иако е предлог на ВМРО немојте да мислите дека мислам на Љупчо Георгиевски. Мислам дека ограничувањето ан годините не е во ред, претерано е. Да го прифатиме тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го заклучувам претресот. Амандманот сега се сведува на две работи. Имаше три става. Сега се однесува на 4 и 5 став. Бидејќи постои опасност, сега да ги консултирам предлагачите. Бидејќи постои моја проценка по реакциите дека амандманот на ставот 4 може да биде усвоен, но не и амандманот на ставот 5 ве молам да се произнесете предлагачите .

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

По ова чисто техничко процедурално прашање посебно ќе се гласа за став 4 и посебно за наредниот став, посебно за одредбата за ограничување на одредбата на возраста, посебно за жителството со тоа судбината бројот на гласовите си го кажа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Препорачувам тоа да го прифатиме како начин на гласање.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Секогаш кога ќе направевме некакви преседани, отпосле гледаме дека тие преседани ни создаваат големи проблеми. Сега повторно набрзина ќе се договориме, еден преседан ќе направиме за потоа да се создадат уште 100 и 1 преседан. Дајте да работиме по некоја процедура.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувајќи она што го кажа господинот Никола Крстевски само да

потсетам дека има уште еден амандман кој што гласи ставот 4 да се брише кој што е поднесе од пратеникот Кирил Ковачевски

Драги Арсов и Томислав Стевковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ова ако не помине тогаш е морална обврска на секој што гласал и таму да гласа.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Излегов можеби за прв пат да бидам сосема не во право, но сакам да го опоменам господинот претседател дека прејудицира може амандманот да помине. Лично изјавувам ниеден од дискутантите не внесе на оваа говорница факти издржливи кои можат да не убедат да се отстапи од текстот кој гласи дека возраста на претседателот на Републиката, минимум треба да ќе 40 години. Со тоа никој на никого способностите не му ги ограничува, ниту извонредниот ум, ниту интелигенцијата. Но првиот човек на оваа држава, освен тоа, мора да има и многу други работи, мора да се подготви, да се спреми да стане зрел како личност и ако одиме по некој мудристи кои тука се цитираат не излегува смешно, неумесно, недемократски ,но спротивното дека човекот, односно првиот човек на оваа самостојна независна држава Македонија треба да биде потполно во зрели години Една ориентација кој е максимумот тој навистина да стане онаков на кого би можел цел овој народ или цела оваа република да му изрази доверба. Вие искуството изгледа сосема го заборавивте кога вака предлагате. Ние можеме да имаме врвни интелегентни глави но потполно промашени политичари, а во претседателот на Републиката тоа се подразбира, а не врвен научник, физичар хемичар биолог итн. Човек создаден од народот, испечен со народот и човек по мерка на оваа држава, за да не правиме вистински комедии, театарски циркуси, да не ви одземам време да ве потсетам по некои закони на царства, оди царот и наследникот дете, па се прави права комедија и циркузијата му купуваат чевли со високи

потпетици му се става кралска круна тоа дете и физички и психички да изгледа возрасен. Оттука за овие работи треба да размислиме, намерата е сосема демократска, сосема хумана и сосема издржлива. На тој што навистина му станало до државата, до народот, до просперитетот на земјата. Ако мене ми се сака мое дете да биде претседател на Република и мислам дека ја имам таа сила, тогаш ќе ги рушиме сите лимити.

**ФАИК АМБДИ:**

Дами и господо ова што зборуваше почитуваниот господин Ештреф Алиу, јас излегов еднаш на оваа бина овде и кажав што е претерано, претерано е ограничување на годините. Кога јас реков дека давам поддршка не мислев на Љупчо Георгиевски, можеби мислев на Фаик Абди јуниор. Сигурно размислував за личност која е родена овде за оваа наша заедница Македонија која што од сега и понатаму бидејќи сега е родена нашата република ќе размислува, ќе резонира ќе се школува во овие наши клупи и во клупите на другите наши партии и како граѓани, созреана личност. Ние мора да знаеме дека токму сегашниот нашиот претседател бил еден од авторите на стопанската реформа 1965 година, кога бил во својата младост. Ние и во тие години имаме многу зрели луѓе . Можат да бидат и добри политичари и добри научници, да не ги потценуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам само да ви укажам, јас ја прифаќам на господинот Ешреф Алиу, меѓутоа, доколку така се разбра моето прашање, јас овде само реков дека имам впечаток од дискусијата како би се однело гласачкото тело во парламентот, по поедини два става па така да најдеме постапка која ќе овозможи слободно да се гласа. Тоа ми беше намерата а не кој како да гласа и да давам оценки.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници јас од денеска имам да носам извод на родените, ако некогаш ме предлагате за некаде да имам точно документи колку години имам. Само една аргументација: Нашиот Александар велики имал кога дошол на власт околу 22 години, а вие знаете до каде стигнал. Според тоа господинот Ештреф Алиу нема факти и аргументи за ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Амандманот 4 и 5, бидејќи не можам да го издвојам.

Кој е за амандманот да крене рака? (31)

Констатирам дека амандманот на член 80 став 1 ,2 ,3 4 и 5 од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен-

Отворам претрес по амандманот на член80 став 1 поднесен од пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз.

Повлечен е тој амандман.

Има амандманот од Алија Џаферовски.

**АЛИЈА ЏАФЕРОВСКИ:**

Бидејќи на завчерашната седница пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз ги повлече сите амандмани поднесени на предлог уставот, воедно на поединечните амандманите на пратениците на Социјалдемократскиот сојуз, го молам претседателот и претседателството повеќе да не ги зема нашите амандмани во предвид и да не се читаат во интерес на време.

Отворам претрес по амандманот на член 80 за бришење на став 4 поднесен на пратеникот Кирил Ковачевски.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (34)

Според тоа констатирам дека амандманот на член 80 за бришење на став 4 на Киро Ковачевски не е усвоен.

отворам претрес по амандманот на член 80 за бришење на став 5 поднесен од ЗПК и пратениците Драги Арсов и Томислав Стевковски.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (13)

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 80 став 1,2, 3 и 5 поднесени од пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор. ) никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. v

Молам кој е за да крене рака? (12)

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 80 став 3 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (6)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите, дали некој бара збор.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Само да укажам на неправилното водење на седницата од страна на претседателот на Собранието. Предлогот посебно став 4 да се произнесуваме тоа сметам дека е исправно.

Второ, бидејќи постапката за донесување на овој устав не е регулирано, единствена обврска од претстојниот устав е двотретинско мнозинство, односно минимум 80. Другата регулатива останува на нас самите. Значи не е дозволено ниту претседателот, а ниту секретарот евентуално погрешен став да дадат за водењето на седницата. Не е спротивно на постапката посебно секој став дури е и поквалитетно изјаснување за секој член. Членовите се чисто математички. Сакам да кажам дека е неправилно недавањето можност на секој став од секој член да се гласа. А оној што вели дека е бедозволиво не ка го прочита тој пропис што недозволиво.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Не можев да го изразам својот протест за начинот за водењето на седницата, бидејќи се вршат страшни сугестии врз * пратениците, претседателот на Собранието ги предупредува дали некој амандман ќе помине или не, и дали некој член ќе помине или не. Во интервенцијата на Бранко Црвенковски не се направи преседан за разделување на амандманот, заради тоа што се сомневаше дека амандманот можеби и ќе помине и тоа е надвор од зацртаното дека за некого е уставот донесен. Не можам да прифатам дека некој пратенички групи воопшто не учествуваат во разгледувањето на членовите и амандманите и дека за нив уставот е веќе донесен. Ако уставот е веќе донесен тогаш воопшто да не ги разгледуваме другите членови и амандмани. Нека се даде таков предлог.

После главниот преседан што беше извршен овде со прегласувањето на членот 1, сметам дека е ова прекршок што не се подели амандманот што беше претходно изгласан, и лично се сомневам и не барам прегласување, бидејќи веќе изгледа уставот е изгласан. Лично се сомневам дека за членот 78 за меѓунационалниот совет дека имаше 61 глас, бидејќи немаше 61 пратеник кои што гласа.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Сакам да го дополнам излагањето, инаку не барам прегласување, бидејќи фиксирана е одредена ситуација. Меѓутоа, сметам дека ние се договоривме начелно да гласаме член по член во целост. По потреба може поради содржината да се оди став по став, а не сега секој став посебно да го гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На никого никаква сугестија како ќе гласаат не сум дал. (од говорницата се се пренесува и е снимено, се може да се провери. Тоа се чисти инсинулации за некои други потреби, а не да се дојде до Устав овде.

Второ, одвоено гласање како што фигурираат пратениците се изврши. Овој амандман беше целина и не се согласија да се повлече амандманот што се однесува на ставот пет. Имаа право тоа да го повлечат но не сакаа. Сугерираа да правиме пресендант што не сме го правеле овој пат. Став по став по членовите се изјаснував ме со амандманите кои беа дадени. И трето начинот на гласаше што произлегува за по еден став да се гласа за ставот 4 посебно да се гласа се изврши по амандманот на господинот Ковачевски. Никакви сугестии од никого немаше.

Да одиме понатаму.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на член 80 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 80 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 81.

Отворам претрес по текстот на член 81.

Амандмани поднесоа пратеничките групи ВМРО ДПМНЕ, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ЗПК, Комисијата за здравство и пратениците Алил Џаферовски и Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на членот 81 став 1 поднесен од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ.

Молам, кој бара збор.(Никој)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (15)

Констатирам дека амандманот на член 81 став 1 од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 1 поднесен од ЗПК.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (2)

Констатирам дека амандманот на членот 81 став 1 поднесен од ЗПК не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 2,3, 5 8 и 9 поднесени од Комисијата за здравство.

Известен сум дека Комисијата за здравство се повлекува од своите амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 1, 3, 4, 5, 6, 8и9иза додавање на четири нови става, поднесени од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (7).

Констатирам дека амандманот на член 81 став 1, 3, 4, 5, 6, 8 и 9 и додавање на четири нови става од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 81 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (76)

Според тоа Собранието го утврди членот81 од предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 82.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и на СПМ и пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 82 став 1 и 3 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Ставот четири од овој член се однесува на тоа додека е во отсуство претседателот да го заменува претседателот на Собранието и во тоа време тој може да учествува во работата на Собранието но без право на одлучување. Бидејќи сето тоа не помина ние целиот амандман го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Пратеничката крапа на ВМРО-ДПМНЕ се повлекува од амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 82 став 1, 2, 3 и 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи имам поднесено неколку амандмани и забелешки на членот 82, а функцијата потпретседател отпаѓа, останувам само на оној дел од амандманот на кој што ми се чини експертската група укажа.

По став 2 точката се брише и се додаваат зборовите: "Со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на судии". Така да од настапувањето на условите за престанок на функцијата претседател го утврдува Уставниот суд на Република по службена должност со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на судии. Сметам дека таа формулација е техничка грешка изоставена од текстот па предлагам само тој дел од амандманот да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа целиот амандман се сведува само на овој дел што го кажа господинот Тодор Петров. Сите други делови од амандманот се повлечени.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање, така како што го сега формулираше -господинот Тодор Петров.

Кој е за, молам да крене рака?(31)

Констатирам дека амандманот што го преформулира сега на член 82 господин Тодор Петров не е усвоен.

Амандманот што го поднесе пратеничката група на СПМ е повлечен.

Завршивме со претрес по амандманите.
Молам, кој бара збор?(никој)
Го заклучувам претресот и текстот на членот 82 го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (79)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 82 од Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 83.

Отворам претрес по текстот на член 83.

Амандмани поднесоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ЗПК и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 83 став 3 и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 1, 2 и 3 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Еве сега ме известија дека амандманот се повлекува.

Исто така се повлекува и амандманот од ЗПК и амандманот од пратеникот Тодор Петров.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор. (никој)

Го завршувам претресот и текстот на членот 8 3 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (82)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 83 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 84.

Отворам претрес по текстот на членот 84.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, СПМ, Владата на Република Македонија, ЗПК и пратениците Алил Џаферовски и Тодор Петров.

Повлечени се амандманите на СДС, и на Алил Џаферовски.

Отворам претрес по амандманот на членот 84 алинеја 2 поднесен од ЗПК.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека амандманот на член 84 алинеја 2 од ЗПК не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 84 алинеја 6 поднесен од Владата на Република Македонија.

Молам кој е за, нека крене рака. (13)

Констатирам дека амандманот на член 84, алинеја 6 поднесен од Владата на Република Македонија не е усвоен.

Амандманите поднесени од СПМ и пратеникот Тодор Петров се повлечени.

Го завршивме претресот по амандмани.

Дали некој друг бара збор, (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 84 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (80)

Констатирам дека Собранието го утврди текстот на членот 84 од Предлогот на уставот на Република Македонија.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман за внесување на нов член 84-а.

Отворам претрес по амандманот.

Молам кој бара збор. (никој)

Еве сега не известуваат дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го повлекува амандманот.

Преминуваме на утврдување на член 85.

Отворам претрес по текстот на член 85.

Амандмани поднесоа пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествено- политички систем.

Комисијата за општествено- политички систем го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за заменување на член 85 со два нови члена 85-а и 85-б поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)*

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека амандманот на членот 85 за заменување со два нови члена 85-а и 85-б поднесени од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме по претресот на амандманите

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 85 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (80).

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 85 по Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 86.

Отворам претрес по текстот на член 86.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија и Пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 1 и 2 поднесен од Владата на Република Македонија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека амандманот на член 86 став 1 и 2 поднесен од Владата на Република Македонија не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господинот Петров го повлекува амандманот.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, to заклучувам претресот и текстот на членот 86 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (85).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 86 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 87.

Отворам претрес по текстот на член 87.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ, СДС, ЗПК, и пратениците Алил Џаферовски и Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања ги прифати амандманите на член 87 став 1 и 2 од ЗПК и од Пратеничката група на СДС и тие се составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Амандманот од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ е повлечен.

Повлечен е амандманот поднесен и од пратеникот Алил Џаферовски и од пратеникот Тодор Петров.

Завршивме по претресот на амандманите.

Дали некој друг бара збор.

Има збор претставникот од експертската група господинот Китановски.

**КИТАНОВСКИ:**

Во членот 87 вториот став втората реченица направена е или некоја груба техничка грешка или при гласањето на Уставната комисија е направен пропуст.

Амандманите кои беа дадени се однесуваа на изборот на претседателот во Парламентот. Меѓутоа, бидејќи не се усвои тоа решение, тогаш оваа реченица треба да остане, односно за одговорноста на претседателот одлучува Уставниот суд cs двотретинско мнозинство на гласање. Предлагаме оваа реченица да остане во текстот на член 87.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам експертската група ни укажува дека е тоа повеќе техничка грешка што е пречукана. Иако имаше амандман за тоа, ние не го усвоивме. Тоа јас го гласав.

Според тоа во предлогот на членот 87 содржано и ова што го кажа сега претставникот на експертската група.

Го заклучувам претресот по текстот на член 87 и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (84)

Според тоа Собранието го утврди членот 87 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 88.

Отворам претрес по текстот на член 88.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 88, став 2 на пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12)

12 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 88 став 2 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 88 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (82)

82 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 88 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 89. Отворам претрес по текстот на член 89.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на РСМ-ЛП, СДСМ, пратеникот Тодор Петров и Комисијата за изборите и именувањата. Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од пратеничката група СРМ-ЛП на член 89, став 1 и 5 во кој е содржан амандманот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на членот 89 ставовите 1,2,3,4 и 5 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 89, став 1 2,3,4 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

8 пратеници гласа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 89 став 1,2,3,4 и 5 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме по претресот на амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 89 го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (86)

86 пратеници гласаа за овој член, според тоа констатирам дека е утврден членот 89 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 90.

Отворам претрес по текстот на член 90.

Амандмани поднесоа Комисијата за економска политика и развој, пратениците Душан Николовски и Тодор Петров и Пратеничката група на СДСМ.

Дали Комисијата за економска политика и развој го повлекува овој амандман. (Го повлекува).

Го повлекува и пратеникот Душан Николовски и Пратеничката група го повлече.

Отворам претрес по амандманот на член 90, став 1 2 и 3 и за внесување 4 нови става по ставот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (7)

7 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 90 став 1,2 и 3 и за внесување 4 нови става по ставот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на членон 90 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (86)

86 пратеници гласаа за членот 90.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 90 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 91.

Отворам претрес по текстот на член 91.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на СДСМ, СПМ, Владата на Република Македонија, пратениците Алил Џаферовски и Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на Владата на Република Македонија и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Со оглед на тоа дека другите амандмани се повлечени отворам претрес по амандманот на член 91, алинеја 1 и 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој, е за молам да крене рака? (3)

3 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 91, алинеја 1 и 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 91 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (87)

87 пратеници гласаа за членот 91.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 91 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 92.

Отворам претрес по текстот на член 92.

Амандмани поднесоа пратеничките групи РСМ-ЈТП, СПМ, пратеникот Тодор Петров, Комисијата за економска политика и развој.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од Пратеничката група на РСМ-ЛП, на член 92, став 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Амандманите од СПМ и од Комисијата за економска политика и развој се повлечени.

Отворам претрес по амандманот на член 92, став 3, 4 6 и 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (1)

1 пратеник гласаше за овој амандман.

Констатирам дека амандманот на член 92 , став 3, 4, 6 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 92 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (87)

87 пратеници гласаа за овој член.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 92 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдуваше на член 93.

Отворам претрес, по текстот на член 93.

Амандмани поднесоа пратеничката група РСМ-ЛП и пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 93, став 3 и поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господин Петров го повлекува амандманот.

Го завршивме претресот по амандманите.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 93 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (89)

89 пратеници гласаа за член 93.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 93 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 94.

Отворам претрес по текстот на член 94.

Амандмани поднесоа пратеничката група на РСМ-ЛП, Законодавно-правната комисија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 94 во кој се содржани амандманите на пратеничката група х 'на РСМ-ЛП и Законодавно- правната комисија и тој е составен дел на Предлогот на уставот.

Пратеникот Тодор Петров го повлекува амандманот и нема да водиме расправа по него.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

**КИТАНОСКИ:**

член на експертската група

Членот 94 треба да се усогласи со членот 92, бидејќи таму беше усвоена колективна индивидуална одговорност на министрите. Тогаш третиот став од овој член треба да гласи:

"за предлогот за разрешување на член на Владата Собранието одлучува на првата наредна седница".

Тоа е едно, и во последниот став после зборот "една третина од членовите на Владата од првобитниот состав пред запирката, Собранието одлучува како за избор на нова Влада". Тоа се две корекции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова го имаме како составен дел, ова е само усогласување.

Дали некој друг бара збор (Никој)

Според тоа го заклучувам претресот и текстот на член 94 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (90)

90 пратеници гласаа за членот 94.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 94 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 95.

Отворам претрес по текстот на член 95.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров, кој го повлекува амандманот.

Дали некој друг бара збор (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на член 95 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (88)

88 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 95 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 96.

Отворам претрес по текстот на член 96.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров, кој ме извести дека го повлекува амандманот. (Размена на мислења)

Завршивме со претресот по амандманите, дали некој друг бара збор (Никој) . (Размена на мислења)

Тоа треба да се усогласи со претходниот член . Експертската група дали ќе каже нешто за членот. (Членовите на експертската група од место констатираа да остане така како што е). Како што е, добро.

Го заклучувам претресот и текстот на член 96 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (90)

90 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 96 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдуваше на членот 97.

Отворам претрес по текстот на член 97.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров, кој го повлекува амандманот.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на член 97 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (95)

95 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 97 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 98.

Отворам претрес по текстот на член 98.

Амандмани поднесоа пратеникот Тодор Петров и Законодавно-правната комисија.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на членот 98, став 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Подносителот на амандманот, Законодавно- правната комисија на член 98, став 5 го повлече амандманот на седницата на Комисијата за уставни прашања.

Отворам претрес по амандманот на член 98, став 4 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров, кој го повлекува амандманот.

Според тоа, завршивме со претресот на амандманите

Дали некој друг бара збор (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на член 98 го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака. (95)

95 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 98 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 99.

Отворам претрес по текстот на член 99.

Амандмани поднесоа пратеничката група на РСМ-ЛП , Комисијата за прашања на изборите и именувањата и пратениците Кирил Ковачевски и Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на членот 99 став 3 алинеја 4 поднесен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Комисијата за избори и именувања има амандман на член 99, став 3 алинеја 4, всушност престанување на функцијата на судија е предвидена според текстот ако е осуден на кривично дело на безусловна казна затвор најмалку 6 месеци. Комисијата зазеде став, доволно е да е осуден судијата на казна, за кривично дело. Тоа е во смисла на тоа, дека прво судијата треба да суди, а не да го судат. Инаку, предвидувањето 6 месеци да биде казна затвор тоа е по сила на законот за работни односи, на секој вработен и во Газела му престанува работното место, а според наша оценка Комисијата, судија доколку биде осуден на ефективна казна затвор треба да му престане и функцијата судија.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (40)

40 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека;амандманот на членот 99, став 3 алинеја 4 поднесен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 99, став 2 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање,.

Кој е за, молам да крене рака (31)

31 пратеник гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 99 став 2 од пратеникот Кирил Ковачевски не е усвоен.

Амандманот на РСМ-ЛП е повлечен.

Отворам претрес на амандманот на 99 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас овде соопштив дека тој амандман на пратеничката група Реформски сили го повлекува. Нема да водиме претрес по амандманот.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 99 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

89 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 99 од Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 100.

Отворам претрес по текстот на член 100.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров.

Господинот Петров ме информира дека го повлекува амандманот.

Завршиме со претресот по амандманите.

Дали уште некој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по член 100 и го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

95 пратеници гласаа за членот 100.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 100 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 101.

Отворам претрес по текстот на член 101.

Амандман на овој член поднесе пратеникот Тодор Петров.

Пратеникот Петров не известува дека го повлекува амандманот.

Амандмани немаме дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и членот 101 го ставам на гласање.

Кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака)

99 пратеници гласаа за членот 101.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 101 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 1022

Отворам претрес по текстот на член 102.

Амандмани поднесоа Законодавно правната комисија и пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 102 поднесен од Законодавно- правна комисија.

Збор има господин Стојановски претседател на Комисијата

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, одлуките судовите мораат да ги донесуваат во нечие име. Ако не ги донесуваат во нечие име, треба да ги донесуваат во свое име. Поради ова во белиот свет некаде се донесуваат во име на господа некаде во име на кралот некаде во име на народот некаде во име на државата" а некаде се избира во чие име се донесуваат одлуките. Затоа ако ова се избрише нашите пресуди ќе останат да не се знае во чие име ги донесуваат. Овој амандман треба да има еден континуитет како и досега да се знае како судовите ќе одлучуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

31 пратеник гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека е амандманот на законодавно-правната комисија за член 102 не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господинот Петров не известува дека го повлече амандманот.

Завршивме со расправата со амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 102 го ставам на гласање.

Кој е молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

88 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 102.на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на член 10 3.

Отворам претрес по текстот на член 103.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров. Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ГЛАС ОД МЕСТО:**

Пратеникот. Тодор Петров ги повлекува сите амандмани поднесени на членовите до крај на Уставот. (Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи повеќе нема амандмани, дали некој бара по членот. (Никој)

Го заклучувам претресот и член 103 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

93 пратеници гласаат за член 103 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Констатирам дека е членот утврден.

Законодавно правната комисија поднесе амандман за ставање на нова точка 5 пред членот 104.

Отворам претрес по овој амандман.

Дали некој бара збор (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

Пет пратеници гласаа за амандманот на Законодавно правната комисија.

Според тоа констатирам дека амандманот за ставање нова точка 5 пред член 104 не е усвоен.

Преминуваме на утврдување на членот 104.

Отворам претрес по текстот на членот 104.

Амандмани поднесоа Комисијата за општествено- политички систем и пратеникот Тодор Петров.

Амандманите ги повлекуваат и Комисијата за општествено политички систем и пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?(Не)

Го заклучувам претресот и текстот на член 104 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

94 пратеници гласаа за член 104.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 104 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 105.

Отворам претрес на текстот на членот 105.

Амандмани поднесоа пратеничката група на СДСМ, Алил Џафероски, Комисијата за општествено политички систем и Комисијата за прашањата на изборите и именувањата.

Бидејќи се повлечени сите амандманите освен на Комисијата за избори и именувања а еве и та го повлекува.

Господине Крстевски дали останувате на амандманот.

Молам кој бара збор (Никој)

Отворам претрес по амандманот на член 105 алинеја 1 поднесен од Комисијата за прашањата на изборите и именувањата.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

20 пратениците гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 105 алинеја 1, од Комисијата за прашања на изборите и именувањата не е усвоен.

Другите амандмани се повлечени. Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и член 105 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

90 пратеници гласа за членот 105.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 105 на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 106.

Отворам претрес по текстот на член 106.

Амандмани поднесоа Законодавно правната комисија и пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на Законодавно правната комисија на членот 106 став 1.

За збор се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, зборуваме дека носиме устав од интерес на граѓаните. Ќе прочитам дел од членот 106 за да се види во што е работата, како и разликата во што е кога не би бил вака напишан. Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и други со закон утврдени казниви дела. Значи овдека ги гони и поднесува тужби. Натаму, има овластување и вложува правни средства заради заштита на законитоста. Покрај овие две правни средства првото е иницијатива за водеше на постапка, поднесуваше барање за истрага или обвинение. Останува правно средство на жалба, дали, против самата пресуда, дали во корист на обвинетиот а во корист на обвинетиот може да поднесе ако не е задоволен со казната и дали има вонредно ублажување на казната. И тоа е негово право. Меѓутоа со овој Устав на јавниот обвинител му даваме право само да поднесува барање за заштита на законитоста. Ова право е на граѓанинот. Ако пониските судови при одлучувањето во предметот го повредиле Законот да се произнесе по ова право највисокиот суд во Републиката. Меѓутоа, место граѓанинот да го

користи ова право, да добие одговор од судот, оди до јавниот обвинител за што тој е само овластен да поднесува вакво право, иако повреден закон гаранцијата останува само по бојата на јавниот обвинител. Тука тој ќе каже дали има место или нема место, судот не може да одлучува. А велиме дека носиме Устав во корист на граѓанинот. Најдобро граѓанинот ќе биде заштитен кога во неговото право ќе се произнесе судот без било кој да посредува во таа постапка. Овде ние правиме дека посредникот за ова право е токму оној што го гони. И практично да ви кажам некој се тужи и судовите направат грешка во прв или втор степен и во вториот пак посредува јавниот обвинител се направи грешка во примена на законот, се превиди. Доаѓа да се произнесе јавниот обвинител и вели ќе ви падне пресудата. Јас сум работел толку време на човек му е изречена казна од 10 години. Тој е веќе во притвор 5 години. Со ова треба да го пуштиме. Кој ќе биде виновен. Нема место останува да лежи во Затвор и понатаму. Ќе се преименуваат други средства во вонредни ублажувања, најде ќе одиме ќе молиме Собрание, претседател на Република да го помилува и сл. Зошто? Ќе пишеме за тоа што е направена грешка во примената на Законот, вака ако беше директно во судот кој ќе мора да одлучува, да донесе одлука ќе се надминеше оваа работа Затоа ве молам не го давајте ова право на јавниот обвинител. Дајте му го ова право на граѓанинот. Треба да биде заштитено првото на граѓанинот а не на јавниот обвинител.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господине Поповски што има да кажете.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Лично не можам да помогнам. Тој амандман беше на Уставната комисија и ние немавме против да стојат кумулативно и јавниот обвинител и

граѓанинот. Меѓутоа, тоа така беше изгласано во Уставната комисија. Сега, ако процедурално постои можност, ако Собранието прифати таков амандман тоа е работа на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Заради вистината, морам да ви кажам дека за многу тесен резултат Уставната комисија изгласа со 1 повеќе од оние што...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете што давам уште право на едниот на сите странки што се во постапка ова право им стои во располагање. Ако велиме на едниот и на другиот, како сега. Значи ова право ќе се скине, значи доаѓа односно во судот одат сите учесници во постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, вашиот амандман е јасен.

Во амандманот пишува да се брише ова, а не да се додава нешто. Тоа не е амандман на Уставно правната комисија туку тоа беа искажани само неколку зборови на Комисијата.

Молам, ако никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака)

82 пратеници гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека амандманот на став 2 поднесен од Законодавно правната комисија е усвоен.

Другите поднесени амандмани се повлечени.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 106 го ставам на гласаше. Укажувам дека сега во текстот е вклучен и амандманот што сега го изгласавме.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

90 Пратеници гласаа за член 106.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 106 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдуваше на член 107.

Отворам претрес по член 107.

Поднесените амандмани се повлечени.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот иј членот 107 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

90 пратеници гласаа за член 107.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди текстот на член 107 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

По барање на повеќе пратеници еве да дадеме пауза до 15,30 часот.

Седницата прекина со работа во 14,05 часот.

(седницата продолжи со работа во 16,55 часот)

**СТОЈАН АНДОВ**

Молам пратениците да ;си седнат на своите места.

Го утврдивме членот 107.

Преминуваме на утврдување на членот 108.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на насловот на глава IV но го повлече.

Отворам претрес по членот 108.

Амандманот што го поднесе Тодор Петров е повлечен.

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на членот 108 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (93)

93 пратеници гласаа за членот 108 и според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 108 на Предлог на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 109.

Отворам претрес по текстот на членот 109.

Амандмани поднесоа Комисијата за здравство и пратеникот Петров.

Пратеникот Петров го повлече а и Комисијата за здравство исто така.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 109 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (92)

92 пратеника гласаа за членот 109 и според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 109 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 110.

Отворам претрес по текстот на членот 110.

Амандмани поднесоа, Комисијата за здравство, Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и пратениците Алил Џаферовски и Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман во кој е содржан и амандманот на алинеја 3 на член 110 од Комисијата за внатрешна политика и ОНО и тој е составен дел на текстот на предлогот на Уставот.

Комисијата за уставни прашања ги прифати амандманите на член 110, алинеја 4 од Комисијата за внатрешна политика и ОНО и на членот 110 алинеја 7 од пратеникот Тодор Петров.

Дали Комисијата,за здравство го повлекува амандманот? (го повлекува)

Дали Законодавно- правната комисија го повлекува? (го повлекува)

Дали Комисијата за внатрешна политика и ОНО го повлекува? (го повлекува)

Пратеничката група на социјалдемократскиот сојуз на • Македонија, пратеник Алил Џаферовски и Тодор Петров ги повлекоа своите амандмани.

Бидејќи немаме аман^мани дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на членот 110 го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (96)

96 пратеници гласаа за членот 110.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 110 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 111.

Отворам претрес по текстот на членот 111.

Амандмани поднесоа пратеникот Тодор Петров, Законодавно-правната комисија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на членот 111 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 111 став 1 под несен од Законодавно- правната комисија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3)

Тројца пратеници гласаа за амандманот и според тоа констатирам дека амандманот на членот 111 став 2 не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на членот 111 став 4 поднесе од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата и пратеникот Петров го повлекоа амандманот.

Завршивме со претрес по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 111 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (96)

96 пратеници гласаа за членот 111 и според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 111 на Предлогот на Ус тавот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 112.

Отворам претрес по текстот на членот 112.

Амандман поднесе Тодор Петров но го повлече.

Бидејќи нема амандмани, дали некој бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот и текстот на членот 112 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (98)

98 пратеници гласаа за членот 112 и според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 112 на предлог на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 113.

Отворам претрес по текстот на членот 113.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Претставникот на Владата во Комисијата за уставни прашања го повлече амандманот на Владата. Исто така и Тодор Петров го повлече својот амандман. Според тоа немаме претрес по амандмани.

Дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 113 го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? 104).

104 пратеници гласаа за членот 113, според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 113 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 114.

Отворам претрес по текстот на член 114,

Амандмани поднесоа Комисијата за здравство и пратеникот Тодор Петров.

Дали Комисијата за здравство го повлекува амандманот (го повлекува).

И Тодор Петров го повлече амандманот.

Дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и членот 114 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (98)

98 пратеници гласаа за овој член и според тоа: констатирам дека Собранието го утврди текстот на членот 114 од Предлог Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 115.

Отворам претрес по текстот на членот 115.

Амандмани поднесоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Комисијата за здравство, Владата на Република Македонија, пратени кот Џеладин Мурати, Законодавно- правната комисија и Комисијата за економска политика и развој и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на член 115 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 115 став 1 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Молам, дали некој бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**

Мислам дека се познати залагањата на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ во однос на членот 115. Од моментот на расправата во Уставната комисија при утврдувањето на Предлогот и овој текст што е даден денеска

овде. Не би сакал да ја повторувам расправата во ништо, едноставно би сакал да поставам едно прашаше до експертската група да ми одговори и да ми наброи три прашања од областа на основното образование и основната здравствена заштита во кои ќе одлучува локалната самоуправа. Само три прашања да ми набројат и тоа за мене би задоволувало во однос на сите наши залагања што досега ги имавме во однос на основното образование и здравствената заштита од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Ова го поставувам од причина што основното образование и основната здравствена заштита се исклучива надлежност на државата. Според тоа да ми се набројат три прашања каде што државата нема надлежности.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**

Мене ми е сосема јасно залагањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ надлежностите на локалната самоуправа да се намалат. Меѓутоа не мие јасно залагањето на господинот Стефковски кој е член на Уставната комисија и кој, кога се отвори ова прашање тој беше првиот кој се залагаше за тие овластувања на општините да се зголемат односно точно се набројуваат во Уставот на Република Македонија од причини што тој се постави како еден од познавачите на таа материја и еден од тие кој добива информации од страна на општините кои упорно бараат надлежностите и овластувањата да им се гарантираат со Устав и да им се зголемуваат. Тој стоеше на овој став се додека и Пратеничката група на ПДП НДП, односно членовите на оваа група во Уставната комисија не го поддржаа и од моментот кога се излезе на виделина дека и овие членови стојат зад тоа, тој се повлече и сега еве истото го изнесува овде.

Мислам дека ако делува од позиција на секретар на Заедницата на општините и градовите на Република Македонија, а се залага за вакво нешто не е ништо друго, туку "венире контра фактум проприум" што значи да делуваш против своите аргументи изнесени порано.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ**

Почитувани пратеници,

Членот 115 нуди ингеренции на локалната самоуправа во областа на основното образование и основната здравствена заштита. За образованието ниту сум повикан ниту ја познавам структурата, па ниту последиците. Меѓутоа, од областа на здравството тврдам дека членот 115 нуди дуализам во здравствената заштита. Затоа што здравството како категорија на труд прифаќа и подразбира единствено субординациски степенувања и омеѓувања и никакви други. Во смисла на ниво од потреба од здравствена заштита и ниво на компетентност на здравствено заштитување. Секаква друга подвоеност, а особено подвоеноста во однос на ингерентноста на било каков вид, тип или ниво на пружање на здравствена заштита би била директна блокада на технологијата која обезбедува финален производ, здрав човек.

Текстот на предложениот член 115 претендира да стане уставен стандард во кој наведената блокада во технологијата на пружање здравствена заштита би нашла поткрепа што е неприфатливо ниту од аспект и позициите на корисниците на здравствената заштита, ниту од аспект на донаторите на здравствената заштита.

Се залагам и сугерирам до пратениците да гласаат за амандманот на членот 115. Мојата сугестија има едноставно професионален предзнак.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**

Неспорно е дека се залагав во однос на членот 115 само за оние надлежности кои беа предложени во првата верзија. Бев против се она што се обиде да се прошируваат надлежностите од локално значење кои беа наметнати од групата на ПДП и НДП и сакам да ги потсетам дека покрај основното образование, здравствената заштита имаше и залагања за одлучување во имотно- правните односи. Значи, тука бев категоричен^дека тоа не пие вода.

Моето залагање беше, помешани се членовите кај господинот Зибери во членот 117 каде јас се залагав за уште проширена надлежност на градот Скопје. Во тоа е целата суштина на моето залагање. Барав да влезе градскиот сообраќај, топлификацијата односно сите оние области од јавниот живот кои се основ и услов за постоење на градот како една целина во Републиката. Во тоа беше моето залагање.

Исто така бев против и на ниво на градот основното образование и здравствената заштита да бидат утврдени како надлежност.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**

Мислам дека треба да направиме напор да процениме добро што ќе значи оваа формулација во членот 115 од Уставот, дали со неа ќе донесеме нешто добро или подобро или апсолутно ништо нема да промениме или спротивно ќе предизвикаме додатни промени.

Имено, ако погледнеме кои се основните елементи на кои може да се влијае во сферата на образованието, а посебно во сферата на основното образование и кои се од нив најбитните, сигурно е дека на прво место ќе ги истакнеме настаните планови и програми. Не може преку своите

претставници како што овде е дадено во тоа да учествуваат граѓаните од локалната самоуправа и не може на тој елемент да му се додели никакво локално значење како што е дадено овде.

Понатаму, се сеќавате дека во членот 44 во третиот став стои дека основното образование е задолжително, со Устав загарантирано. Тоа повлекува свои реперкусии, како што знаете, ако некој не му овозможи на своето дете да го посетува основното образование, но спротивно од тоа предизвикува и обврски на државата, да,ако е воспоставено задолжително образование ги обезбеди сите услови на тие што треба да го следат. Оттука е ставен тој неподобен термин дека образованието е бесплатно, кое што во некоја рака одговара заради тоа што е бесплатно за граѓаните, меѓутоа, сосема е јасно дека тој термин бесплатно за граѓаните, значи платно за државата. Спрема тоа, државата ако ги има ингеренциите, преку ресорниот орган, преку ова Собрание да ги носи наставните програми и планови иако ги земала ингеренциите да ги обезбеди сите стандарди како што пишува таму под потполно подеднакви услови, а тоа значи од станбени објекти, од наставен кадар до учебни помагала и опрема, дека не преостанува никаков дел кој може да има локално значење и кое што може да потпадне под ингеренцијата на претставниците на локалната самоуправа.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Оттука, сметам дека барем во делот на основното образование и да ве потсетам дека барем таму каде што знам незнам на секаде, морам да признам, таму каде што знам, независно до тоа дали е тоа досегашен некаков запад или исток, основното образование е под ингеренции на државата и исто така се до овој момент основното образование во Југославија и во нашата Република беше под ингеренциите на државата. Постоеше само еден фонд паричен за таканаречена изедначување на стандардот, на условите за школување, заради тоа што имавме основно образование во општини кои што ни оддалеку немаа подеднаква економска моќ, па преку тој фонд да се изедначува прилично стандардот. Меѓутоа, на ниво на основните елементи сите ингеренции се на ниво на државата.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Кога е конципиран членот вака како што е конципиран бидејќи сум бил присутен на седницата на Комисијата за уставни прашања во ниту еден момент не сум мислел дека органите на локалната самоуправа односно граѓаните преку свои претставници ќе состават планди програма за работа односно наставна програма за училиштата. Тоа никогаш не сум го помислил. Секогаш сум мислел дека таа формулација значи подобрување во условите за изведување на наставата во одделни селски населби, во градовите итн., учеството на граѓаните со местен самопридонес да ги подобрат условите за работа на училиштата, а тоа важи сигурно и за здравствените организации. Во некои земји, веројатно, тоа ќе биде определба и на нашиот закон учество во управувањето со тие установи, со тие здравствени организации односно училишта и некои други работи.

Инаку, сигурно дека општината дали тоа ќе се вика Собрание или како ќе се вика, таа нема да именува ниту директори на училишта, ниту директори на здравствени организации, но ќе води сметка за тоа како вработените во нив, таа ќе дискутира, ќе расправа, ги остваруваат функциите во тие организации. Во оваа смисла, макар што ние сеуште немаме претстава за тоа на кој концепт на локална самоуправа ќе одиме.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа. Комисијата за здравство особено внимание му посвети на овој амандман, поготово за здравствената заштита. Здравствената заштита претставува целовит систем кој што се применува со новиот закон во целата Република. Ние не можеме да ја делиме на примарна или основна здравствена заштита, на секундарна, па и терцијарна здравствена заштита. Средствата кои што одат на примарната здравствена заштита, некаде изнесуваат повеќе од 50% од вкупните средства кои што се одвојуваат за здравствена заштита. Останатите средства се прелеваат повеќе на секундарната од остатокот односно и на терцијарната. Досегашниот систем на здравствена заштита, кој што како ваков каков што се предлага во овој член 115, врз основа на тоа и на 117 ќе не врати наназад од почетокот на 1966 година кога постоеше таканаречено општинско здравство. Во таа смисла досегашните напори што беа направени во здравството, а не сакам да зборувам за образованието, бидејќи господинот Ханџиски пред малку изнесе за тоа, тогаш ќе створиме еден хаос и понатаму во однос на изградбата на објектите, во однос на системот на квалификацијата, односно создавањето на кадри во здравството. Понатаму, во однос на системот на наградувањето итн. Сето ова за овој период некаде од 25 години створи едни состојби каде што дури денес можеме да ги почувствуваме зашто кога

почнавме да се пребројуваме, па увидовме дека на поедини места имаме изградено системи на објекти кои што во половина, а можеби и помалку се користат, па дури и сега здравствените работни организации не знаат на тие објекти што да прават. Дали да ги користат потиснати од времето на немаштијата или пак да ги отстапуваат на други работни организации. Сето тоа наложува навистина системот и на основната здравствена заштита припадне пдо ингеренција на Републиката, со тоа што ќе се овозможи навистина еден систем кој што ќе биде најрационално искористен во овој момент на беспарица, односно кога нашето стопанство навистина се наоѓа на работ на егзистенцијата.

Уште нешто би додал. Во овој момент кога Законот за здравствена заштита кој што го усвоивме кон крајот на јули месец оваа година, кој што нуди и приватно здравство од една страна ќе имаме државно здравство, а од друга страна приватно здравство. Не знам дали општините односно локалната самоуправа ќе биде во можност сите средства за давачи кои што ќе одат на приватното здравство дали ќе можат да ги соберат и само за нив да им ги предадат.

Според тоа предлагам да го усвоиме овој амандман и со тоа надлежностите од оваа категорија на здравствена заштита односно примарната здравствена заштита да влезат под надлежност на Републиката.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, не ми е баш арно, ама ќе го кажам она што го мислам. Мислам дека овде станува збор за една работа, просто да се изразам, и натаму да се живее на државни јасли Што сакам со ова да кажам? И другарите кои се борат тука основното образование да остане во Републиката тоа убаво го почувствуваа, слична е работата и со другарите

во основното здравство, сакаат преку ова што го кажуваат тука да не убедат, барајќи го начинот како подобро да живеат, нас да не убедат тука да гласаме тука такви амандмани. Друго нема ништо, бидејќи ако сакаме проблемите да ги решиме, можеме само поинаку. Како? Сите се залагаме за пазарна економија, тогаш да ги ставиме нека бидат под пазарна економија, за кое нешто и господин Ќелешов се ангажираше и порано, па тогаш ќе ги видиме работите подобро.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Очигледно е дека прашањето е чувствително и не би сакал апсолутно да се создаде атмосфера дена некој нешто заговара надвор од она што произлегува дека заговара. Бараме решение да не предизвикаме проблеми, заради недодефинирани работи. Јас би се сложил, со оглед на тоа што сепак сметам, бидејќи пет години бев во таа проблематика, поготово и во сферата на финансирањето на образованието,најодговорно тврдам дека не можам сега да ги дефинирам прашањата од локално значење за образованието. Ако се сложувате да направиме еден напор како што правевме со експертската група да се додаде евентуално една реченица одоздола во која што ќе се каже: Прашањата од локално значење од областа на здравствената заштита и основното образование ќе се дефинираат со закон или нешто слично. Не можеме анженерал да го дадеме вака. Ако е ова излез, молам да направиме еден напор, никакви" други намери. Се извинувам, видов господинот Ајдарага дека повторно заврте со глава, ако освен чесни намери имаме нешто друго, тогаш ми е многу тешко ако некој така мисли. Дајте да направиме напор да го изрегулираме доближувајќи се до нешто што значи дефинирање или пак внесување на инструмент што ќе ги дефинира. Јас ви тврдам дека

најголемите проблеми досега кај нас во сите сфери настанаа, заради тоа што ресорните органи не можеа во целост да одговараат за проблематиката за која што се задолжени. Или ресорниот орган целосно ќе го покрива ресорниот орган за образование, ако е ресорен орган за образование или ако е ресорен орган за финансии, или ако и друг има ингеренции. Ако и друг, по други канали, да се изразам вулгарно, меша прсти, во тој случај не може да се обезбеди ефикасно функционирање на областа, ниту може да има отчет на таа област. Дајте да направиме напор ако се слага експертската група да се додаде една реченица во која што ќе се вгради инструмент, кога ќе дојде време со закон да ги дефинираме тие прашања кои се во сферата на образованието и во здравствената заштита, во кои што, внимавајте, не станува збор за ова што господин Халити овде рече дека станува збор за помагање. Овде станува збор точно како што е речено се учествува во одлучувањето. Друго е да се сложат граѓаните од една населба да соберат средства сами да го подигнат стандардот на тоа училишта или да поправат кров итн. Друго е граѓаните од тоа место да одлучуваат за локацијата на новата училишна зграда. Тоа е во сферата на урбанизам. А друго е генерално да кажеме дека сите стекнуваат право да учествуваат во одлучувањето по прашања од локално значење, кои што апсолутно не се дефинирани. Дајте да внесеме еден инструмент со кој што ќе се каже дека со закон ќе се дефинира, па нека оди текстот итн. На крајот на ставот стои, само да одговорам на ова прашање "и други области утврдени со закон". Значи, со закон е дадена можност да се утврдат и другите области со кои што ќе може да се одлучува на локално ниво.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас ги повлеков амандманите, меѓутоа не си го одзедов правото да дискутирам по другите амандмани. Во смисла на тоа сакам да укажам следното. Стручњаците од областа за здравството и образованието ја

објаснија од професионална гледна точка потребата здравството и образованието да се изземат од локалната самоуправа, односно од единиците на локалната самоуправа. Сметам дека во член 45 веќе тоа го регулиравме за прашањата на образованието и кажавме дека граѓаните имаат право под услови утврдени со закон да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието освен во основното образование. Затоа сметам дека сосема е оправдана потребата прашањето за основната здравствена заштита да биде изземено од единиците на локалната самоуправа.

Понатаму, за да едноставно ги смалиме маките по однос на утврдувањата кои прашања ќе бидат од локално значење или не, сметам дека и со законската регулатива во поглед на локалната самоуправа тие прашања можеме да ги дефинираме со закон. Од конкретните потреби во дадениот момент од донесувањето на законот да ги дефинираме сите овие прашања. Впрочем, и став 3 на член 115 сосема јасно вели дека Републиката може со закон да и довери вршење на определени работи на општината, што сметам дека не е во спротивност со тоа овие прашања што се наброени од локално значење, бидејќи пишува и други области утврдени со закон", воопшто да не бидат наведени во Уставот како права односно прашања од области за кои што единците на локалната самоуправа ќе учествуваат во одлучувањето. Бидејќи имаме пазарна економија, договорната е надмината, сметам дека воопшто не се суспендира и правото на граѓанинот, кој мисли со сопствени средства во било која од овие области кои што се наведени во местото на живеење во единиците на локалната самоуправа да оствари право отворање установи од сите овие области кои што се наведени во ставот 1 на член 115. Токму од тие причини сметам дека би било најприфатливо доколку определбата основното образование и основната здравствена заштита и тоа се од една страна уставно гарантирани права зад кои стои државата, а не права кои што ги гарантира локалната заедница, сметам дека амандманот треба да биде

прифатен. Уште за мене лично, по мое убедување поприфатливо би било првата верзија и на експертската група во поглед на член 115 и член 117 за прашањата од областите кои што треба да бидат дефинирани за прашања по кои учествува во одлучувањето на единиците на локалната самоуправа, така што во член 115 лично како сугестија би ми било предлог после зборот "значење" да се стави точка и зборовите до крајот на реченицата да се избришат. Заради тоа што во став 3 се опфатени. Ние кога ќе го носиме законот за локалната самоуправа повторно ќе го кажеме правото за надлежностите на општината односно од единиците на локалната самоуправа. За да не станува повторно истото би се однесувало и за член 117 став 2 каде што по истото прашање после градот Скопје би се ставила точка и до крајот на реченицата зборовите да се избришат бидејќи тоа право е опфатено, правото дека Републиката може со закон да довери прашања за вршење на определени работи на општината.

**НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници, Комисијата за здравство кога одлучи да го предложи овој амандман, размислуваше врз неколку основи. Прво, основната здравствена заштита е должност на државата. Во основниот дел на здравствената заштита мора државата да ги гарантира правата на сите осигуреници подеднакво на целото подрачје на Републиката.

Второ, во делот кога при Министерството за здравство е формиран фонд за здравствена,заштита, тој фонд треба да ги покрие и трошоците во основната здравствена заштита, сигурно е дека тешко ќе може дел од стопата на придонесите да се издвои на ниво на општина за посебни видови на здравствената заштита во основниот дел на здравствената заштита.

Исто така, на ниво на општина можности се да се развива здравствената самозаштита во делот на слободното осигурување кое значи надградба на осигурување. Тоа е веќе спрема можностите на општината. Економската можност на општината во слободното осигурување може да даде придонес, но во основниот вид на здравствена заштита не смееме да имаме различни категории на општини, каде што и различно ќе биде пружан степенот на здравствената заштита. Тука мора да биде јасно. Оттаму поаѓаше Комисијата кога го предложи овој амандман.

Во делот што овде се кажа за пазарната економија, сигурно пазарната економија ќе функционира ако ние сме кажале дека спрема обемот на пружената здравствена заштита низ услугите секоја работна организација према тоа што пружа во делот на одредените цели сигурно таа и така ќе се развива. Според тоа што ќе пружи во делот на здравствената заштита низ цената на услугата, така и ќе се развива. Сигурно така и ќе се развива. Сигурно тој што ќе има квалитет во пружањето на здравствената заштита низ обемот на работењето ќе може и да се развива, а оној што ќе нема квалитет на здравствена заштита сигурно ќе има помал обем на работа и ќе има низ цена на помал доход и поинаку ќе се развива. Така, ние не смееме основната здравствена заштита да ја одделиме на ниво на Република и да ја дадеме на општина. Многу лошо ќе ни се одрази и затоа ќе имаме различен степен на развој баш на основниот дел на здравствената заштита. Така, на поедини општини што имаат можеби заради можностите со средства да имаат пошироки права во основниот дел на здравствената заштита, а кај некои општини да се стеснуваат правата кои произлегуваат од основниот дел на здравствената заштита. Тоа беа причините што Комисијата за здравство го предложи овој амандман.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Јас морам да кажам дека овој член, односно оваа глава на Уставот по мене е Ахилова пета на овој устав , а овдека сега наметнуваме можеби спор кој всушност произлегува од еден претходен проблем од овој устав а тоа е недефинираноста на државната управа. Оттука и различните сваќана на изразот што е даден околу граѓаните да партиципираат по одлучување за прашања од локално значење, па се поставува кој е тој капацитет на прашања кој се од локално значење.

Основен принцип во организацијата на државата е што е можно повеќе прашања да се регулираат и да се решаваат на пониско ниво. Оттука, смислата за постоење за локална самоуправа. Тоа не значи дека се овие прашања во кои е неприкосновеноста на изворното право на локалната самоуправа, од проста причина што ние концептот на локалната самоуправа во овој член не го препознаваме, ние допрва треба да го уредуваме со закон. Оттука веројатно за тоа што постои концепт за организација на државната управа кај нас како еден поцентрализиран дел за кој очигледно и владата на Македонија се залага, логично е овие области основното образование о здравствената заштита се иземат од овој дел на локалната заедница, затоа што овде се подразбира сега учеството на граѓаните во партиципацијата што значи, мислам дека Халити овдека го објаснуваше, околу правото граѓаните да партиципираат со свои средства итн. Не да се мешаат во организацијата на образованието, ниту во организацијата на здравствените организации. Така да нејаснотијата која произлегува од концептот за државната управа практично овде се пресликува и ние на овој проблем ќе се вратиме само тогаш кога ќе го усвојуваме законот. Истото прашаше ќе се наметне по член 117, така да за мене е практично сега ирелевантно повеќе одговара, со оглед на концептот

кој здравството сега го зема како модел на организацијата да се изземе здравството. Такво образложение имаше и за основното образование, не како причина што сме запишале во член 44 за бесплатно. Тоа не е поврзано со тоа, едноставно организацијата на образованието поаѓа од министерството за образование па надолу. Према тоа нема ова врска на позиција националности, некакви права итн.

**СПИРОВСКИ:**

На мислење сум дека во однос на нејаснотиите, во однос на образованието и здравствената заштита, државниот управен орган кој ги има тие дека се нејасни, не го делам тоа мислење, од причина што и во постојниот устав веќе постои контрадикција и јасно се издвоени работите по ова прашање. Само ќе потсетам во членот 48 во ставот 4, припадниците на националностите, од причина што реакцијата доаѓа од кај националностите имаат право на настава на свој јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон, од причина што го дискутираме членот 115 каде е наведено: во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за, помеѓу другите прашања и за овие прашања.

Моето прашање е во што одлучуваат ако веќе однапред сме се определиле дека тоа е уредено со закон.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Прашањето за кое дискутирано е совршено е јасно дека ниту има потреба, ниту е можно да добива национална обоеност. Тоа е прашање кое подеднакво сите треба да не интересира, подеднакво во целата република до сантиметар на границите на наша Македонија. Тука излегов да кажам, ако некој мисли дека паметно и добро е ова Собрание, овие 120 пратеници да се позабават на седниците да решаваат, да. именуваат и да дискутираат за наименување на директори на стотина училишта по општините и над

1000 во Републиката, излегов да кажам јасно и гласно, јас за тоа немам ниту нерви, ниту потреба да одлучувам. Затоа во овој концепт во размислувањата од центарот, па разгранетоста надолу не подразбирам губење на компетенции, туку паметно, практично диригирање и контрола, т.е. .посочување на работите за што подобро функционирање на вкупниот систем на образование, било за кој степен да се работи.

Втора работа за локална самоуправа треба да се размислува малку повеќе од практичен аспект. Од причини за кој има илјада работи со кој центарот, заправо министерството, само треба да посочува , а на теренот треба да има други луѓе кои тие и ќе вршат увид и ќе ги практикуваат, а потоа преку координација, т.е. преку нова методологија на работите ќе достават извештај или контакти итн.

Треба исто така да се размисли, ние одиме веќе отворен / кон пазарно стопанисување, му даваме широки можности за приватно стопанство или мало стопанство. Зарем мора се во центарот да се доаѓа одговор и да се чека одговор од центарот да се врати во Гевгелија или Струмица одговорот. Околу овие работи треба да размислиме ако навистина тоа е работа првенствено најповикани, најпрактични се луѓето од правните науки, кон нив повеќе доверба а начинот на кој се образложува постојаноста на амандманот, оправданоста на амандманот, некако останува сеуште неубедливо.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во врска со локалната самоуправа, навистина сите заедно ги правиме првите чекори и се обидуваме да концептираме одреден модел, во таа смисла конкретно поврзано со членот 115 првиот предлог одеше со онаа идеја да заврши од локално значење точката, но се респектираа ставовите и барањата скоро на сите општини кој што беа изнесени на конференцијата

на општините и  градовите, дека во сферата на локалната самоуправа треба да се направи од страна на Уставната комисија напор да се идентификуваат таканаречените изворни овластувања на локалната самоуправа за да може да се создаде една окосница врз која локалната самоуправа ќе може да го изгради својот идентитет со идеја да не се остави тоа уште од почетокот само на законот, па во секоја законска постапка постојано да се бие битката за поле на работа на локалната самоуправа и на тој начин постојано локалната самоуправа да биде да речам како еден брод од бура заплиснуван час теран на отворено на пучина , час враќање повторно на позицијата на самиот брег.

Во таа смисла се решивме во членот 115 да идентификуваме области кои што можат да бидат поле на локалната самоуправа како прашања кои што содржат во себе локално значење. Меѓутоа, сакам прецизно да кажам дека не можевме до крај да бидеме сигурни во секоја една област што ја стававме дека таа може да биде од локално значење, поготово што за некои предлози знаевме дека тие прашања не се само од локално значење, и особено во тој список што последните седници беа додадени областите на извесна можна ингеренција на единиците на локалната самоуправа во областа на локалното образование и основната здравствена заштита.

Од тие две прашања, бидејќи другите не се проблематизираат се тргна од становиште дека станува збор за прашања кој што се во надлежност на државата и дека станува збор за единствени системи, но исто така се тргна од сознанието дека веројатно има аспекти или делови од тие надлежности, каде што локалната заедница може да партиципира во одлучувањето во рамките на единствениот систем кој што го пропишува државата. Кога правиме напор да конкретизираме каде би можеле или кој елементи од таа област можат да бидат од локална заедница се движевме во кругот на оние илустрации што господинот Абдурахман Алити тука ги

изнесе. Ние како уставна комисија заради пример, заради илустрација ги земавме предвид тие можни елементи. Тргнувавме од една идеја дека од стандардите што ги пропишува системот на основно образование особено по стандардите што ги препишува системот на основната здравствена заштита и што ја обезбедува на еднаков начин државата во сите општини дека во таа смисла определени општини на пример кога станува збор за потенцијал на општината да инвестира на пример во објекти од едната или другата област што ќе ги вклучи во стандардите на единствениот систем и со што нема да ја наруши компетенцијата на оние субјекти што се со законот утврдени и со Уставот, дека може општината тука да партиципира. И поентата во таа смисла со оглед на овие идеи, само сакам уште ова да потенцирам дека имавме информација од двајцата специјалисти за локалната самоуправа, кој што за жал моментално не се тука, а тоа е професорот Димитар Мирчев и госпоѓата Силјановска дека и во меѓународни конвенции стои нормата дека единицата на локалната заедница може да има ингеренции и во областа на здравството и образование. Сега што е решението тука за да се сфати прецизно за да се сфати дека практично содржан предлогот што господинот Ханџиски го нуди овде со посебен став и сметам дека нема потреба од посебен став во кој би кажале дека прашањето од областа на основното образование и на здравството во смисла на надлежностите на локалната самоуправа се решаваат со закони . Имено, со овој член 115 прашањата на основното здравство и локалната самоуправа и сите овие прашања не се делегирани конечно и комплетно во надлежност на локалната самоуправа, туку се употребува, тоа е поентата и ве молам тука обрнете внимание во вториот ред вели вака:

"Во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето". Не стои формулацијата непосредно и преку претставници одлучуваат за тие прашања, туку учествуваат во одлучувањето што значи покрај овој субјект учествува во одлучувањето и друг субјект, во случајот и Републиката преку соодветните институции а законот е тој кој што прецизно утврдува кој елементи од секоја област се од локално значење и во таа смисла рационално и оптимално можат да бидат делегирани како надлежности на локалната самоуправа , а кој државата ги задржува во сопствена надлежност. Значи, таа законска претпоставка стои тука и формулацијата е јасна учествуваат во одлучувањето, а не само одлучуваат. Сметам дека овој член ја има таа флексибилност го акцептира она што беше предложено и во исто време го содржи она што беше конкретизирано што на пример општината и каде може да се најде , а веројатно има поле, сегменти каде што може да се најде општината и во овие две области, како и во сите овие области. Сметам дека добар чекот направи што се набележани изворните надлежности на локалната самоуправа и тие се однесуваат на сите единици на локалната самоуправа и на север и на југ и на исток и на запад итн.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сакам да кажам дека еден од подносителите на овој амандман, уште во Уставната комисија бев и јас. Што е причината. Таму одлуката беше од 20 присутни, 9-11. Паметам колегата Стефковски што постави прашање да се даде кој се тие и посочените експерти Силјановска и Мирчев и тогаш остана дека ќе се одлучи со закон. Меѓутоа, како правник сакам да укажам на една работа. Покрај другите толкувања на законот, има едни две основи тоа е граматичко и законско толкување на законот.

Граматичкото е да се види генезата на зборот што е, а законско што е тоа значење. Овдека одлучување граматички е дејствие , глагол. Меѓутоа, законски е институт. Ако не беше овој институт да знаете дека немаше да "стане никаков збор. Станува збор затоа што се одредува една лепеза на права . Во локалната самоуправа и воопшто граѓаните одлучуваат непосредно, или преку претставници. Еден дел од претставници ние сме овдека

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Граѓаните и преку нас одлучуваат, а во локалната самоуправа непосредно пак е референдумот и претставниците,тоа се одборници.

Доаѓа да настане колизија во самиот устав. Одредува што е државна чиста ингеренција, па вели основното образование е државна ингеренција и таа ќе води за него грижа за се. Основното здравствено осигурување пак е државна ингеренција.

За што станува тука збор. Ни прави заблуда, вели да учествува, во што.

Кога реков институт, меѓу народот и општово светот покрај овие институти на задолжение постои институт на доброволност да некој биде донатор на нешто. По локалната самоуправа на никого
ниту на самата единица па ниту на граѓанинот не може никој да му забрани да биде донатор за подобрување на животната средина. И ако некој сака да направи болница кој ќе му смета во таа работа.

Јас пак ќе се задржам на Куманово. Ние имаме болница задолжение на Никола Спасиќ. Тоа не го викаме дека бил институт туку доброволност. Една таква работа може секој граѓанин, па и локалната самоуправа да може да прави и во образованието и во здравственото лекување, на сите места. Во тоа е прашањето да внесуваме овде институти а не дали ќе учествува некој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако нема понатаму некој да се јави за збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (52)

Констатирам дека амандманот на член 115 став 1 од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 115 став 1 поднесен од Комисијата за здравство.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (47)

Констатирам дека амандманот на член 115 став 1 од Комисијата за здравство не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 115 став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Дали некој бара збор?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Моето јавување може само да ја продлабочи претходната дискусија по претходниот амандман, да ја продолжува и да има следователно дејство бидејќи се однесува за иста содржина, за еден повисок степен на образование.

Имено, немам намера да апелирам да се гласа амандманот кој сум го поднел, на ниво на локалната самоуправа да се вклучи и средното образование. Најмалку апелирам бидејќи сите досегашни апели по сите амандмани и индивидуално и колективно од страна на пратеничката група не беа воопшто, ама баш воопшто прифатени и немам намера ни да молам да се прифати. Ако можам да ја парафразирам мислата на Волтер дека луѓето ги молиме тогаш кога ги сметаме за слаби, а ги фалиме тогаш кога ги сметаме за горди.

Второто прашање што сакам да го истакнам е самиот факт, знам дека ќе се надгласа, всушност и надгласувањето е дел од демократијата, а не на демократските процеси што е и нормално и реално да биде така. Меѓутоа, се ќе биде така дотогаш дека демократијата не премине во навика.

Според логиката на нештата, средното образование е во ингеренција на општината односно локалната самоуправа, а не на ниво на Републиката, бидејќи со самото тоа што средното образование е интерес на одредена општина, на одреден регион, на две три инт. општини а не во интерес на Републиката, а основното образование како облигаторно, задолжително е на ниво на Републиката и треба да остане. Дури се согласувам со тоа дека треба да остане на ниво на Републиката.

Ако има потреба една локална единица, општина за средно образование се донесува одлука независно од Министерството за образование и физичка култура и токму заради тоа имаме разни средни образовни институции во Републиката. Ако има потреба' ... Тетово за средно училиште од текстилна насока, исто така има во Штип такви училишта. Ако Тетово, Гостивар, Дебар има потреба за средно медицинско училиште, истото тоа го има и во Скопје. Според тоа во локалната самоуправа се концентрирани такви интереси кои интереси треба сами да одлучуваат за конечно реализирање и остваруваше.

Овде за изнесување е и фактот што пред училишното воспитување е сместено на ниво на локална самоуправа и се издвојува како посебен дел на системот на образованието, а во член 48 пред училишното образование и воспитание не се прифаќаше како дел на системот на образованието, исто така од експертската група.

Благодарам за вниманието и инсистирам да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака; (21)

Констатирам дека амандманот на член 115 став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 115 став 1 поднесен од Владата на Република Македонија.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Има збор пратеникот Душан Трпчески.

**ДУШАН ТРПЧЕСКИ:**

Јас многу не сакам да дискутирам во врска со оваа проблематика со основната здравствена заштита, меѓутоа, јас овде би го поставил по трет пат прашањето. Дали во овој случај ние одлучуваме со мнозинство на гласови од присутните или со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Претседателот на Собранието тоа да ни го објасни како е со Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас тоа уште на почетокот го објаснив, дури и овде на седницата е усвоен став. 61 глас се потребни да се изгласа секој амандман и секој член.

Дали некој бара збор по поднесениот амандман? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (39)

Констатирам дека амандманот на член 115 став 1 поднесен од Владата на Република Македонија не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 115 став 3 поднесен од Комисијата за економска политика и развој. Молам кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас сакам само да укажам на некоја работа.

Навистина, со утврдувањето на овој Устав, за кој расправаме денеска, ние фактички го утврдуваме моделот на нашата држава Република Македонија. Во рамките на тој модел на држава ги одредуваме и определените системи. Еден од таквите системи рековме е и системот на локалната самоуправа. Мислам дека тој систем на локална самоуправа секако ќе се заокружи со донесување на Законот за локална самоуправа. Веројатно ќе беше добро да се усвојат одредени амандмани, особено оној од групата на која припаѓам јас. Но, независно од тоа, јас мислам ние денес истовремено гласајќи за тој дел на членот 115, утврдувајќи го тој дел на член 115 ние на некој начин го утврдивме и моделот на локалната самоуправа што сигурно поопширно ќе се образложи со самиот закон за локалната самоуправа. Меѓутоа, јас на некој начин сум за тоа да бидеме тука прецизни во утврдувањето и на моделот на државата и на моделот на локалната самоуправа, да не дозволуваме, да кажеме утре да се манипулира. Заради тоа и јас лично и Комисијата што ја водам застанавме на становиште да предложиме бришење на последната алинеја од овој член односно онаа алинеја или став кои зборуваат дека Републиката може со закон да отстапи одредени надлежности на општината како категорија.

Јас морам да предочам дека постоењето на таквата можност ќе доведе до ситуација во практиката некои општини, што со донесувањето на Законот за локална самоуправа ќе ги развластиме од досегашните

компетенции, во практиката ќе бидеме во ситуација некои општини да ги фаворизираме повеќе отколку што треба. Така да другите општини ќе се осекаат дискриминирани. Оттука јас сум за тоа да се брише тој посебен став како не би имале можност утре за манипулации и да се задоволиме со тој модел на локална самоуправа што го дефинираме тој устав а да го разработиме со Закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(15)

Констатирам дека амандманот на член 115 став 3 од Комисијата за економска политика и развој не е усвоен.

Пратеникот Тодор Петров го повлече амандманот. З

авршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

**АЛИУ:**

Имам прашање за експертската група во врска со алинеја 3 од член 115. Имено моето прашање е да ми се каже кој се определени работи на општината. Ако е на пример туризмот за Охрид, и на Шар Планина.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ставот 3 на член 115 зборува за вториот тип на надлежност на општината. Првиот во ставот 1 се изворни надлежности, а ставот 3 создава основа за така наречена делегирана надлежност. Републиката може да процени, со оглед на рационалното вршење на одредени надлежности од страна на општините да делегира определени надлежности на општината, а

во вршењето на таа надлежност од страна на општината Републиката има право на контрола на законитоста. Поимот општина во ставот 3 е употребен во генерична смисла, што значи не на оваа општина да довери а на друга не, туку ако на општините определени прашања доверува, тогаш ги доверува на општините во целост. Станува збор во случајов за така наречена делегирана надлежност позната во сите системи во кои постои локална самоуправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 115 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (79)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 115 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 116.

Отворам претрес по текстот на член 116

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 116 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (88)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 116 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдуваше на член 117.

Отворам претрес по текстот на член 117.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на СПМ, ВМРО-ДПМНЕ Владата на Република Македонија, пратениците Шабан Превала, Љубомир Поповски, Ванчо Младенов, Тодор Петров, Комисијата за здравство и Комисијата за заштита на човековата околина.

Дали некој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас мислам дека Скопје како административен, економски и културен центар заслужува со овој Устав да има посебен статус. И тоа мислам дека треба да биде еден вид заедница на единиците на локалната самоуправа што ќе бидат во неговиот состав. Се разбира дека организацијата на оваа градска заедница мора да базира на брза рационална и ефикасна основа. Јас изнесувајќи го овој предлог, овој амандман морам да кажам дека зад него стојат сите општини на градот Скопје, а и градот Скопје, па би рекол и граѓаните на главниот град на нашата Република. Па оттука сум за тоа со овој Устав главниот град на нашата Република биде заедница на единиците на локалната самоуправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, претресот е отворен по амандманот за бришење на член 117 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Ако никој не бара збор, претресот го заклучувам и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

10 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на членот 117 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина не е усвоен.

Амандманот поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија е повлечен, Љубомир Поповски го повлече, а пратеникот Шабан Превала си кажа, останува.

Кој , бара збор? (Никој)

Отворам претрес по амандманот на член 117, став 1.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Мислам дека овој амандман треба да се прифати. Повеќе причини се во прилог на овој амандман, пред се, овој член 117 како што е составен претставува на одреден начин препофторуваше на членот 115, од една страва, а од друга страна она што, е суштински за Скопје, треба да го изрази посебниот статус и од друга страна да го дефинира односот спрема можноста да на територијата на градот Скопје се формираат локални единици односно општини. Токму овој амандман поднесен од повеќе пратеници и пратенички групи, а сега само во функција како предлагач на г.динот Шабан Превала го овозможува дефинирање што на Скопје како посебна единица кога веќе не се определивме за двостепеност их од друга страна го утврдува статусот на градот со право да на територијата на градот се формираат општини и сето тоа упатува на посебен закон за градот Скопје што комплексно го решава статусот на градот. Мислам дека овој амандман е исклучително важен заради функциите што градот ги има, затоа се кажа какво значење има, да биде прифатен.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Од причина што пратеничката група на СДСМ ги повлече сите амандмани и на пратеничката група и на пратениците јас би сакал по амандманот на колегата Превала да се произнесам, и да го кажам она што

требаше да го кажам во Предлогот на мојот амандман. Незнам дали со ова не се прави една грешка и према градот Скопје и према Републиката. Да се одлучиме да во Уставот на Република Македонија само Скопје да добие епитет односно носи назив на град. Јас би сакал да поставам и едно прашање во овој момент до Експертската група бидејќи во член 116 мислам се договоривме да престои нова територијална поделба на Република Македонија односно ќе имаме поголем број на општини. Веројатно и во Струмица сакам да ка^ам како пример, се очекува да има повеќе општини. Дали со тоа не се спречува тие општини да имаат можност да се здружат во заедница на општини а да градот Струмица претставува градска заедница. Односно; такви случаи можеме да имаме и во Битола, Велес и во другите поголеми населени места во нашата Република.

Доколку со овој амандман се даде тоа само на градот Скопје, тогаш правиме неправда кон останатиот дел на територијата на Република Македонија каде има можности во иднина да се формираат и други урбани средини во обликот на градови. Мислам дека тоа доколку го прифатиме навистина правиме неправда кон другите места кои имаат можност да се развиваат и да станат градови а тоа го оставаме само на градот Скопје. Пак ќе повторам треба да гледаме малку повеќе и овој Устав не го правиме за денес, го правиме за утре, односно не го правиме за да може да ги покриеме грешките кои ги правевме во минатото. Оттука мислам дека да овој момент треба да биде присутен пред пратениците при одлучувањето за усвојувањето на овој амандман односно при усвојувањето на цел член 117.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи нема друг јавено за збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (28)

28 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 117 став 1 што го поднесе пратеникот Шабан Превала не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 117 на ставовите 1,2 , 3 и 5 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ:

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Сакам да направам една паралела по Предлог- амандманите на член 115 и член 117. По однос на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Без некоја намера, само да се види степенот на загриженост на националниот интерес. Во членот 115 во ставот 1 Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, предлага основното образование и основната здравствена заштита да се брише, бидејќи се ставаат во ингеренции на локалната самоуправа.

Истата пратеничка група во член 117 предлага во ставовите 1 и 2 да се менуваат и гласат покрај другото "градот Скопје одлучува за прашања од локално значење меѓу кои се брои предучилишното образование, основното образование и основната здравствена заштита.

Дали ова значи дека треба на некому да му се скрати намали.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот, и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (19)

19 пратеници гласаа за овој амандман, па според тоа констатирам дека амандманот на член 117 и ставовите 1, 2, 3 5 поднесени од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 117, став 2 поднесен од Комисијата за здравство.

Дали го повлекува. (Не)

Дали некој бара збор? (Не)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (13)

13 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 117 поднесен од Комисијата за здравство не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 117, став 2 поднесен од Владата на Република Македонија.

Кој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

13 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 117 од Владата на Република Македонија не е усвоен.

Амандманот од Младенов е повлечен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 117 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (80)

80 пратеници гласаа за членот 117. Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 117 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на членот 118.

Отворам претрес по текстот на член 118.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, Комисијата за деловнички прашања, Комисијата за мандатно имунитетни прашања, Законодавно- правната комисија, Комисијата за општествено- политички систем, пратениците Михаил Пановски, Горан Зафировски и Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 118, поднесен од Владата на Република Македонија, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, Комисијата за деловнички прашања, Комисијата за мандатно- имунитетни прашања, Законодавно-правната комисија, Комисијата за општествено- политички систем и пратеникот Тодор Петров и Михаил Пановски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Се брише оној амандман за општината Крушево тоа е суштината.

38 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот за бришење на член 118 не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 118 поднесен од пратеникот Горан Зафировски.

Кој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (8)

8 пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека амандманот на член 118 од пратеникот Горан Зафировски не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 118 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (53)

53 пратеници гласаа за членот 118.

Констатирам дека овој член не е утврден.

Преминуваме на утврдување на член 119.

Отворам претрес по текстот на член 119.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот текстот на и членот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (83)

83 пратеници гласаа за овој член.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 119 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 120

Отворам претрес по текстот на членот 120.

Амандманот Тодор Петров го повлече.

Дали некој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на членот 120 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (85)

85 пратеници гласаа за овој член.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 120 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 121.

Отворам претрес по текстот на член 121.

Дали некој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 121 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (86)

86 пратеници гласаа за овој член.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 121 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 122.

Отворам претрес на текстот на член 122.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 122 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (89)

89 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 122 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 123.

Отворам претрес по член 123.

Амандмани поднесоа пратеничката група на РСМ-ЛП и пратеникот Тодор Петров. Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 123 во кој е содржан дел на амандманот на член 123, став 1 поднесен од пратеничката група на РСМ-ЛП и тој е составен дел на текстот.

Тодор Петров го повлече амандманот и остатокот е повлечен.

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и член 123 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (90)

90 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 123 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдуваше на член 124.

Отворам претрес по член 124.

Амандмани поднесоа Комисијата за здравство, пратениците Тодор Петров, Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Комисијата за здравство дали останува на амандманот, (Останува).

Дали некој бара збор?

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Имам само една мала забелешка таму каде што пишува т "Кризна е", мислам дека никој нема право да признава и на место тој збор да стои "нема право да потпише" окупација на Македонија и нејзините делови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да да, окупација се признава а капитулација се пишува. Така ни беше објаснето од експертската група. Но за ова да потпише капитулација, ако ми допуштите како претседател на Комисијата за уставни прашања да ви кажам дека експертската група ни укажа дека меѓународната јавност секаде го сметат крајно не хумано на нормата што постоеше во Југословенскиот устав дека никој никогаш не смее да потпише капитулација. Потпишувањето на капитулацијата се знае дека тоа се однесува само на вооружените сили кога доаѓаат во безизлезна ситуација и тогаш мора да се потпише капитулација за да преживеат луѓето и никој не смее да ги жртвува. Живите што жртвувале такви цели единици одамна исчезнале од Земјината топка. И тоа беше причината зошто ниезборот капитулација го исфрливме. Ова е само за да го дообјаснам зошто го исфрливме, затоа што стоеше во Нацртот.

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака

Пратениците креваат рака)

11 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 124 поднесен од Комисијата за здравство не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 124 за внесување на нов став поднесен од пратениците Драган Арсов и Томислав Стефковски.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

22 пратеника гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 124 за внесување на нов став од пратениците Драган Арсов и Томислав Стефковски не е усвоен.

Завршивме со претресот со амандманите.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 124 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

86 пратеници гласаа за членот 124.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди и членот 124 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 125.

Отворам претрес по текстот на членот 125.

Амандмани поднесоа Комисијата за општествено политички систем и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на пратеникот Тодор Петров и тој е составен дел на Текстот на предлогот на уставот.

Комисијата за општествено политички систем го повлекува амандманот.

Дали некој бара збор?(Никој)-

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Текстот на членот 125 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

88 пратеници гласаа за членот 125.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 125 од Предлогот на Уставот на Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 126.

Отворам претрес по текстот на член 126.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман и тој е составен дел на Текстот на предлогот на уставот.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на став 2 да биде став 1 а првиот став да биде став 2 поднесен од Владата на Република Македонија и тој е составен дел на Текстот на предлогот на Уставот/ .

Пратеникот Тодор Петров го повлече амандманот.

Дали некој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Текстот на член 126 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака

88 пратеници гласаа за овој член.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 126 на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на член 127.

Отворам претрес по текстот на член 127.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров. Дел од амандманот на пратеникот Тодор Петров е опфатен во членот 125 и по него нема потреба да се гласа.

Другиот дел од амандманот е од редакциска природа и треба да се земе предвид при редакцијата на текстот.

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот и Текстот на членот 127 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

85 пратеника гласаа за членот 127.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 127 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 128.

Отворам претрес на текстот^-на член 128.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и членот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

86 пратеници гласаа за членот 128.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 128 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на член 129.

Отворам претрес по текстот на член 129.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров. Комисијата за уставни прашања поднесе амандман и тој е составен дел на текстот на предлогот на Уставот.

Амандманот на пратеникот Тодор Петров е содржан во амандманот на Комисијата за уставни прашања и по него нема потреба да се гласа.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Претходниот член 128 и 129 поради промената на дефиницијата на"вонредните околности"во"воена состојба" кој треба технички да се дополнат и во членот 129 мандатот на судиите на Уставниот суд и

членовите на Републичкиот судски совет, никаде не е кажано уставот го погледавме уште еднаш дека мандатот на Претседателот на Републиката и на Владата, исто така, треба да се продолжи во овие прилики. За пратениците на Собранието е кажано на друго место во членот каде што се однесува за мандатот на пратениците, но за претседателот на Републиката и за Владата не е кажано никаде и треба во овој член 129 да се додаде "соодветно" мандатот на овие органи, на Владата и на Претседателот на Републиката продолжува " и доле да стои"воена и вонредна состојба", а не да стои "околности".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е усогласување значи тоа е текстот.

Дали некој бара збор (Никој)

Го заклучувам претресот и Текстот на член 129 вака прецизиран го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

89 пратеници гласаа за членот 129.

Констатирам дека Собранието го утврди член 129 од предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 130

Отворам претрес по текстот на член 130.

Амандмани поднесоа пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествено политички систем.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот за бришење на став 1 поднесен од Комисијата за општествено политички систем и тој е составен дел на Текстот на предлогот на Уставот.

Според тоа нема потреба да се гласа и по амандманот на пратеникот Тодор Петров зашто и тој таму е опфатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и членот 130 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

90 пратеници гласаа за членот 130.

според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 130 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 131.

Отворам претрес по текстот на член 131.

Амандмани поднесоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, пратениците Џеладин Мурати, Драган Арсов, Томислав Стефковски, Владимир Голубовски и Законодавно- правната комисија.

Дали некој бара збор? (Никој)

Отворам претрес по амандманот на член 131 поднесен од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и пратениците Драги Арсов, Томислав Стефковски и Владимир Голубовски.

Дали некој бара збор (Никој)

бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(Пратениците креваат рака).

24 пратеници гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека амандманот на членот 131 од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратениците Драги Арсов, Томислав Стефковски и Владимир Голубовски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 131 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Дали некој бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

7 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 131 од пратеникот Џеладин Мурати не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 131 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Дали некој бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

8 пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека амандманот на член 131 од Законодавно- правната комисија не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали уште некој бара збор (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам претресот и членот 131 го ставам на гласање.

кој е за молам да крене рака.(Пратениците креваат рака)

96 пратеници гласаа за овој член.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 131 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на текстот на член 132.

Отворам претрес по текстот на член 13 .

Амандмани поднесоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Реформски сили ЛБ, Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој и пратениците Тодор Петров, Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на членот 132 став 4 на пратеничките групи на ВМРО ДПМНЕ и на РС-ЛП и пратениците Драги Арсов, Томислав Стефковски и Тодор Петров и тој е составен дел на Текстот на предлогот на уставот.

За амандманот на Комисијата за стопанство нема потреба да се гласа, за што е избришан и се повлекува.

Исто така е повлечен и амандманот на Комисијата за економска политика и развој.

Ако никој друг не бара збор го заклучувам претресот и членот 132 го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака)

98 пратеници гласаа за членот 132.

Според тоа констатирам тоа дека Собранието го утврди Текстот на член 132 од Предлогот на Уставот на Република Македонија

Минуваме на утврдување на член 133.

Отворам претрес по текстот на член 133.

Амандмани поднесоа Законодавно правната комисија, пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и пратениците Тодор Петров, Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 133 поднесен од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, Законодавно правната комисија иј пратениците Тодор Петров, Драган Арсов и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Драган Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Оној амандман во извештајот на амандманите, изгледа по некоја грешка внесена е таму една верзија која ние покасно ја исправивме тој амандман со таквата исправка не е внесен во тој извештај, па затоа јас

амандманот на член 133 ќе го прочитам во онаа форма во која ние го предложивме: "Доколку со...

**ДРАГИ АРСОВ** (продолжение)

Доколку со акт или постапка на сојузните органи се наруши територијалната севкупност и границите на Република Македонија или ако Република Македонија биде доведена во нерамноправна положба или бидат загрозени виталните интереси на Република Македонија со акт и постапка од сојузните органи во однос на другите републики, Републичките органи врз основа на правото на самоопределување и врз основа на суверенитетот и самостојноста а утврдени со овој Устав ќе ги донесат потребните одлуки заради заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Сакам поради сериозноста и на актуелниот миг во кој што се наоѓа не само нашата Република, туку и останатите делови на Југославија, односно поради непредвидените настани што се случуваат на ниво на Федерацијата и на некои активности што се преземаат од редуцираното претседателство како и реперкусиите што можат да произлезат од тоа, потребата од внесувањето на овој амандман во Уставот станува уште позначајна и поактуелна. Зошто? Затоа што токму со овој амандман за кој што се зборува доколку се наруши територијалниот интегритет на нашата Република не предвидено е односно бидат загрозени интересите на нашата Република а тоа може да се случи во секој миг, затоа со овој амандман ние можеме да ја обезбедиме таа потребна заштита на нарушениот територијален интегритет како на загрозените интереси на Република Македонија.

Овој амандман непосредно е поврзан и со амандманот што го предложи во однос на Уставниот закон. Во Уставниот закон со посебен амандман одредбите на членот 133 што доколку би влегол  во Уставот

веднаш одредбите од овој член тогаш предизвикуваат применување на членот на Уставот 79, 84, 119, 120, 121, 122, и 123. Ние тоа можеме да го обезбедиме уставниот закон. Тоа значи при загрозувањето и нарушувањето на интересите на Македонија со активирањето на овие членови во Уставот ние обезбедуваме заштита која веднаш може да се примени при заштитата од загрозувањето на тие интереси од страна на претседателот како врховен командант кој надлежности се регулирани со членот 79, понатаму веднаш да се заштитат интересите со членот 84 кој што се однесува на отповикувањето на амбасадори, а ние знаеме ако сега е изразена недоверба на сојузниот секретар за надворешни работи, какви последици можат да уследат и за Република Македонија, па поради тоа со примената на тој член 84 кој се однесува на отповикувањето на амбасадорите ќе ја обезбедиме и таа заштита во меѓународните односи, кои исто така се сврзани и членовите 119 и 120 исто од сферата на меѓународните односи со ратификувањето на меѓународните договори.

Понатаму, истапувањето и стапувањето во сојузи, а посебно е важно истапувањето од сојузите или од постојната заедница кои се регулирани со членот 121 од нашиот Устав како и истапувањето и членството од меѓународните организации која проблематика е исто така сврзана со членот 122.

Со членот 123, вооружените сили на Македонија ги штитат границите односно територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија.

Од тие причини јас посебно сакам по овој амандман да го слушнам и мислењето на експертската група и уште еднаш укажувам на актуелноста на овој амандман со оглед на новонастанатата состојба во Југославија

односно на промените што се извршија на сојузно ниво и на сериозните последици што можат потоа да уследат.

**СТОЈАН АНДОВ**

Пратениците Тодосија Паунов, Драги Арсов и Томислав Стефковски поднесоа амандмани на членот 133 за внесување на нов член 133-а.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на пратеникот Тодосија Паунов и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот. Тоа е прво.

Понатаму, амандманите што ги поднесоа пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски имаат два дела. Тоа се два амандмани. Едниот е да се брише сегашниот член 133, дали е тоа повлечен амандман? а другиот е овој текст да се усвои. Тоа се два амандмани. Овој го предлагате, а сегашниот предлагавте да се брише. Дали го повлекувате тој амандман? Значи предлагате оној да се брише, а потоа овој текст да се усвои.

Сега морам да го дадам на претрес дали вашиот прв амандман да се брише членот 133 сегашниот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (28)

28 пратеници гласаа за овој амандман и според тоа констатирам дека амандманот на членот 133 не е усвоен.

Отворам расправа во амандманот што сега е исправка не е оној текст што беше предложен, но сега е што го прочита господинот Арсов е исправка, сега го имаме текстот, а не оној што ви е поделен.

Дали го имате исправениот текст?

Ако го немате тогаш дозволете ми да го прочитам уште еднаш. Членот 133 гласи:

"Доколку со акт или постапка на сојузните органи се наруши територијалната севкупност и границите на Република Македонија, или ако Република Македонија биде доведена во нерамноправна положба или бидат загрозени виталните интереси на Република Македонија со акт и постапка од Сојузните органи во однос на другите републики, републичките органи врз основа на правото на самоопределување и врз основа на суверенитетот и самостојноста утврдени со овој Устав ќе ги донесат потребните одлуки заради заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Јас предлагам да го прифатиме предлогот на Господин Арсов во следното: Овој текст да го дадеме на експертската група да го погледа и да види дали треба да се дотера. (општо негодување).

Тој амандман вие го имате во прегледот само е исправен и дотеран ништо друго.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**

Господа пратеници, ние со Уставот се конституираме како независна и суверена држава и сите акти кои понатаму ќе ги преземаме ги преземаме во логика на заштита на интересите на таа суверена и самостојна држава. Нема разлика меѓу сојузни органи и други држави. Тоа е се на истата дистанца поставено во однос на нашите интереси и нема никаква посебна полуситуација која би ја решавале со еден ваков член во преодни и завршни одредби.

**СТОЈАН АНДОВ**

Добро, ова е објаснението.

Дали некој бара збор понатаму. (Никој).

Ако никој не бара збор, тогаш го заклучувам претресот и амандманот, односно новиот член што би бил сега доколку со акт или постапка, го имате сега, го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (23)

23 пратеници гласаа за овој амандман и според тоа констатирам дека амандманот на пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски по членот 133 за нов член 133 не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски по членот 133 да се внесе нов член 133-а. Тој го имате кај вас, нумериран е под 3 во амандманите што се неприфатени на членот 133.

Пратениците го повлекуваат овој амандман и не одиме во расправа.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на пратеникот Тодосија Паунов и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот. Тој е сегашниот член 134. Ќе минеме на него и ќе го утврдиме. Тогаш ќе го утврдиме затоа што е така даден таму. Тој е даден како член 134 и минуваме на него.

Бидејќи го завршивме претресот по амандманите, дали некој друг бара збор? (Никој). v

Го заклучувам претресот и текстот на членот 133 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (83)

83 пратеници гласаа за членот 133 и констатирам дека Собранието го утврди членот 133 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по членот 133-а кој го усвои Комисијата усвојувајќи го амандманот од Тодосија Паунов, го усвои Комисијата за уставни прашања, а овде Ви е даден како член

Во прегледот го имате како член 133-а.

Ве молам дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Со оглед на тоа што во сите одредби на предлогот на Уставот во главата за економските односи се зборува за рамноправност и еднаквост на сите видови сопственост односно никаде не е спомнат никаков карактер на сопственоста државна, приватна и општествена, а бидејќи во делот на завршните и преодните одредби се толкува и определува начинот на примената на одредбите спомнати во Уставот, сметам дека овој член 134 не би требало да влезе во текстот на Уставот, туку во уставниот закон со законот за трансформација на општествената сопственост. Од тие причини сметам дека овој член не треба да се усвои и во таа смисла давам конкретно сега еден амандман членот 134 да се брише.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА**

Мојата забелешка е во ист стил со оглед на тоа што сето ова е внесено во уставниот закон во членот 7 каде што се вели најдоцна во рок од 6 месеци од денот на прогласувањето на Уставот ќе се донесат тие и тие закони меѓу кои и Законот за трансформација на општествената сопственост, а уште повеќе како не би го оптоварувале Уставот со бремето на досегашниот систем и како не би идните студенти на Правниот факултет ги учеле овие фрази од стариот систем.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**

Стручната група смета дека третирањето на општествената сопственост и нивната трансформација е предмет на Уставниот закон како точно што беше посочено и овој член навистина не му е местото во преодните и завршните одредби.

**СТОЈАН АНДОВ**

Според тоа дали се согласувате да го прифатиме ова толкување и овој писмен амандман на членот 134 да се брише односно членот 133-а да се брише, тоа е амандман од Тодор Петров.

Дали да го ставам на гласање амандманот на Петров? (може)

Кој е за предлогот на Тодор Петров, членот 13 3-а да се брише? (94)

94 пратеници гласаа за амандманот на Тодор Петров и констатирам дека тој амандман е усвоен и сега членот 133-а не постои.

Преминуваме на утврдување на членот 134.

Отворам претрес по текстот на членот 134.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на членот 134 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (92)

**СТОЈАН АНДОВ:**

92 пратеници гласаа за членот 134.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 134 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 135.

Отворам претрес по текстот на членот 135.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 135 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (101) .

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 135 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

За збор се јави госпоѓа Димитров.

Со утврдувањето на Преамбулата и членовите на Уставот констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на Уставот на Република Македонија (аплауз).

Усвојувањето и прогласувањето на Предлогот на Уставот на Република Македонија ќе го извршиме на 26-та седница во која работен дел ќе има вечерва, а свечениот дел ќе се договориме на крајот кога да имаме.

Сега да и дадеме збор на госпоѓа Димитров.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Делејќи го со вас ова олеснување што се чувствува во салата, молам за дозвола од господинот претседател и од Вас почитувани пратеници да го вратам вашето ценето внимание на членот 41. Тој помина со забелешка од страна на господин Андов дека експертската група може да интервенира, бидејќи проблемот е од јазичен карактер. Меѓутоа остана недефинирано и не ја чувме интервенцијата овде на експертската група. Овој член се однесува за правото на раѓање, а заложбата на пратеникот Јордан Бошков

беше од хуманистички карактер. Со ваквата заложба господин Бошков воведува нов граѓански и културен сензибилитет во работата на Собранието. Тој се залага овој чин кој го регулира односот кон создавање на свое потомство да добие соодветен третман. Предлагам ова Собрание да и даде виза на експертската група да направи јазична редакција на овој член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се согласува Собранието^со овој предлог? (Се согласува).

Пред да поминеме на Уставниот закон би предложил да направиме една кратка пауза од 15 минути (пратениците немаат потреба од пауза).

Минуваме на **точка 2** - Утврдување на Предлогот на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Уставниот закон, амандманите поднесени на текстот на Уставниот закон и извештаите на Комисиите на Собранието, ви се доставени односно поделени. Во Извештајот на Комисијата за уставни прашања се содржани амандманите што Комисијата ги усвои и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Уставниот закон.

Во Извештајот се содржани амандманите кои Комисијата не ги усвои. Уставниот закон се донесува по иста постапка како и Уставот.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на Уставниот закон.

Отворам општ претрес.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

преминуваме на утврдување на член 1.

Отворам претрес по текстот на член 1.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 1 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (97).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 1 од Предлогот на Уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 2.

Отворам претрес по текстот на член 2.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман и тој е составен дел на текстот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 2 го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (90)

Констатирам дека го утврди членот 2 на Предлогот на уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 3.

Отворам претрес по текстот на член 3.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам и текстот на член 3 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (94)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 3 на Предлогот на уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 4.

Отворам претрес по текстот на член 4.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на член 4, став 1 поднесен од Владата на Република Македонија и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставниот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров. (го повлекува амандманот)

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и текстот на член 4 го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (92)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 4 на Предлогот на уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на членот 5.

Отворам претрес по текстот на член 5.

Амандмани поднесоа Комисијата за општествено- политички систем, пратеникот Тодор Петров и пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Подносителот на амандманот за бришеше на последниот став на член 5 го повлече амандманот во Комисијата за уставни прашања.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на ставовите 1 и 4 на член 5 поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Молам, кој бара збор? (го повлекуваат амандманот)

Отворам претрес по амандманот за внесување на два нови ставови по ставот 1 на член 5 и на ставовите 2 и 3 поднесени од пратеникот Тодор Петров. (Тодор Петров го повлекува амандманот).

Значи претрес нема.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 5 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (90)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 5 на Предлогот на уставниот закон.

Преминува ме на утврдуваше на членот 6.

Отворам претрес по текстот на член 6.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров. (го повлекува амандманот)

Дали некој друг бара збор? (никој).-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 6 го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (95)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 6 на Предлогот на уставниот закон.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, поднесе амандман за внесуваше на нов член 6-а.

Отворам претрес по амандманот.

Молам, дали некој бара збор? (амандманот го повлекоа)

Преминуваме на утврдување на член 7.

Отворам претрес по текстот на член 7.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија, на ЗПК и Комисијата за здравство. Комисијата за уставни прашања поднесе амандман за бришење на алинејата 4 на член 7 и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на Уставниот закон.

По амандманот на ЗПК нема да водиме претрес , бидејќи со амандманот на Комисијата за уставни прашања алинејата 4 е избришана.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Владата на Република Македонија.

Дали Владата го повлекува овој амандман? (Го повлекува)

Отворам претрес по амандманот за внесување на нова алинеја во членот 7 поднесен од Комисијата за здравство.

Дали останувате на овој амандман (го повлекува) .

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

**КИТАНОВСКИ:**

Едно дополнуваше на членот 7. Бидејќи ова Собрание востанови нова институција народен правобранител, тогаш групата сугерира во алинеја 4 на овој член да се наведе "законот за народен правобранител".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, сега алинеја ч4 гласи "Закон за народен правобранител

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и членот 7 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (90)

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 7 на Предлогот на Уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 8.

Отворам претрес по текстот на член 8.

Амандмани поднесоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров. (го повлекува амандманот).

Отворам претрес по амандманот на членот 8 поднесен од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ.

(Го повлекува).

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 8 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (95).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 8 на Предлогот на Уставниот закон.

Преминуваме на утврдуваше на член 9.

Отворам претрес по текстот на член 9.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 9 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (97).

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 9 на Предлогот на Уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 10.

Отворам претрес по текстот на член 10.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија, пратениците Ефтим Манев, Бранко Арсовски и Тодор Петров.

Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија и Комисијата за општествено- политички систем. Комисијата за Уставни прашања го прифати амандманот на член 10, став 1 поднесен од пратеникот Ефтим Манев и тој е составен дел на текстот.

По амандманите на пратениците Бранко Арсовски, Тодор Петров, пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија и Владата на Република Македонија нема да се води претрес, бидејќи се содржани во амандманот на пратеникот Ефтим Манев што Комисијата за уставни прашања го прифати.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 2 член 10 поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Дали оваа комисија го повлекува амандманот? (Го повлекува).

Според тоа, немаме расправа по амандманите.

Дали некој бара збор? (никој).

Го заклучувам претресот и текстот на член 10, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (94).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 10 на Предлогот на уставниот закон.

Пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски поднесоа амандман за донесување на нов член 10-а по член 10.

Отворам претрес по амандманот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Дали останува амандманот? (Го повлекуваат).

Преминуваме на утврдување на член 11.

Отворам претрес по текстот на член 11.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров. (Го повлекува).

Дали некој друг бара збор? (Никој):

Го заклучувам претресот и текстот на член 11 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (94).

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 11 на Предлогот на уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 12.

Отворам претрес по текстот на член 12.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров? (Го повлекува амандманот).

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 12 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (86)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 12 на Предлогот на Уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 13.

Отворам претрес по текстот на член 13.

Амандмани поднесоа пратеничката група на СПМ и пратеникот Тодор Петров. Пратеничката група го повлече и пратеникот Тодор Петров го повлече амандманот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 13 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (95).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 13 на Предлогот на Уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на членот 14.

Отворам претрес по текстот на член 14.

Амандманот на господин Петров е повлечен.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман и тој е составен дел на текстот. Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на пратеникот Тодор Петров и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставниот закон.

Дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и членот 14 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (95).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 14 на Предлогот на Уставниот закон.

Преминуваме на утврдување на член 15.

Отворам претрес по текстот на член 15.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров и известен сум дека го повлекува.

Дали некој бара збор? (Никој).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, текстот на член 15 го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака ? (96)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 15 на Предлогот на уставниот закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман за донесување на нов член 15-а . Го повлече амандманот.

Преминуваме на утврдување на член 16.

Отворам претрес по текстот на член 16.

Амандмани поднесоа ЗПК и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на ЗПК и тој е составен дел на текстот на предлогот на уставниот закон. Експертската група што вели.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Експертската група не го предлага овој закон тоа Владата го предлага.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи Владата го предлага Уставниот закон, Владата ќе може да ни даде и некои дополнителни објаснувања дали е потребен членот 16 -а да се додаде заради следното: Во уставниот закон за прогласување амандманите 57 до 80 на Уставот на Република Македонија, кој со влегувањето на овој устав веќе губат во важност во член 16 беше утврдено, работниците, опремата и инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа средствата на фондовите на судовите на здружен труд, СИЗ-овите, општествено политичките организации и другите органи и

организации што се укинуваат со овие амандмани, или чии функции престануваат ги презематт органите во чиј делокруг преминуваат работите на укинатите органи, односно организации , а доколку таков орган, односно организација не е утврден,, преземањето ќе го изврши органот на управата надлежен за работите на општата управа на Републиката на соодветната општина односно на градската заедница.

Во Собранието на Република Македонија поднесов барање за автентично толкување на член 16 и барање за изготвување информација од страна на Владата како е спроведен овој член 16, односно дали опремата, работниците, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата и средствата за работа и средствата на фондовите на сите организации кој што се укинати или им престанала функцијата со уставниот закон за спроведување на амандмани те 57 до 80 го има реализирано или не или дали со влегувањето на овој Устав во сила и на новиот уставен закон за спроведување евентуално Владата не„,го спровела во целост овој член , односно ова обврска , со што за оние организации и органи чија што функција престанала или се укинати, а Владата не ги презела работниците и опремата, со самото тоа ќе престане правото што произлегувало од овој член 16. И во таа смисла предложив Владата бидејќи таква информација не ни достави до сега, Владата презеде работници од одделни организации укинати , меѓутоа имотот сеуште не го презела , а ако ен го спровела член 164, бидејќи не го содржи никаде во овој уставен закон, фактички, Владата не ќе има право да го допреземе она што морала да го преземе од оние организации што се укинати. Тука спаѓа имотот на општествено-политичките организации меѓу другото кој се укинати, меѓутоа, одредени политички организации си го наследија. И од овој аспект го предлагам членот 1б-а, работниците, опремата инвентарот и другите работи кој што

организациите и органите се укинати со претходниот устав и неговите амандмани и чии функции престанале или престануваат да ги допреземат надлежните органи кој што беа утврдени, односно и Владата со член 16 од Уставниот закон за спроведување на амандманите 57-80 на досегашниот постоечки устав.

Владата досега таква информација нема дадено, за да имаме ние преглед не се работи само за нив, туку за имотот на општините, имотно правните односи, и од таа причина Владата молам да даде одговор и стојам на предлогот Собранието да го прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние не го расправаме вашиот став по амандманот што го имате ставено на член 16 став 1. Јас затоа ве прашав дали го повлекувате тој амандман, а после ќе дојдеме на ова.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Требаше да ме прашате кога почнав.

Станува збор за 16-а тој е повлечен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор по членот 16. (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и членот 16 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (95)

Според тоа констатирам дека членот 16 од Предлогот на уставниот закон Собранието го утврди.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман за внесување нов член 16-а.

Отворам претрес. Неговото образложение штотуку го чувме.

Претставникот на Владата дали предлага дали тој член да се внесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Тоа би бил член 16-а. После член 16 се работи за следното: Би требало да се формулира член со кој остварувањето на членот 16 кој е веќе од уставниот закон со кој Владата од име на Републиката го презема имотот итн., од укинатите организации тој член треба да продолжи да важи во овој период на важење на уставниот закон во определен рок. Не можеме да го импровизираме точно. Но се работи за продолжување на важење во членот 16 од Уставниот закон таа одредба треба дополнително да се стипулира и за тоа ќе треба малку време , не може да се импровизира овдека. Но се работи содржински за тоа дека одредбата не само другите закони како што е усогласување на член 6 туку одредбите, се прават значи два преседана. Првиот преседан е со важење на уставниот закон што се врзува за потпретседателот на претседателот, воведување на таа функција тој дел продолжува да важи, сега вториот преседан се работи за важењето на таа одредба од уставниот закон која се однесува на преземање на имотот на општествено политичките организации кој престанале да постојат и таа сега треба да продолжи да важи во определен рок на тоа се однесува а одредбата треба да е поставиме посебно, не може да ја импровизираме сега. На тоа треба Собранието да одлучи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е за спроведување на овој Устав.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Предложениот амандман од Тодор Петров нема потреба да се вгради,бидејќи во членот 6 од овој закон кој веќе го утврдивме со исклучок на последниот, пишува сите закони и по усвојувањето на уставот нов си продолжуваат најдоцна до една година да се прилагодат. Со тоа судбината на судовите на здружен труд е решена до 31 декември оваа година, со тој

Уставен закон од претходните амандмани. Нема потреба да се вградува, тој се гаси со 31 декември. Судбината таму е решена, предметите одат Нема потреба, туку прави само конфузија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Петров го повлекува амандманот? (не)

Според тоа дали некој бара збор? (никој)

Го заклучува претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (9)

Констатирам дека амандманот за внесување на нов член 16 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Преминуваме на член 17.

Отворам претрес по текстот на член 17.

Молам кој бара збор (никој)

Текстот на член 17 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (96)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 17 на предлогот на уставниот закон.

Со утврдувањето на членовите на уставниот закон констатирам дека Собранието го утврди предлогот на уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија (бурен аплауз)

Усвојување и прогласувањето на предлогот на Уставниот закон за спроведување на уставот на Република Македонија ќе го извршиме на наредна седница, заедно со усвојувањето на Уставот.

Бидејќи дневниот ред за денешната седница е исцрпен ја заклучувам 25-тата седница.

Ви предлагам 26-тата седница да почне по пауза од 1 час.

(седницата заврши во .19,50 часот)